# 1. ВОВЕД

Брегалничката епархија се наоѓа во источниот дел на Република Македонија. Диацезата на Епархијата се простира на територијата на градовите: Штип, Свети Николе, Пробиштип, Злетово, Радовиш, Кочани, Виница, Делчево и Македонска Каменица, заедно со атарот на селата што се наоѓаат на територијата на спомнативе градови. Седиштето на Брегалничката епархија се наоѓа во Штип. На тронот на Епархијата се наоѓа митрополитот Иларион[1].

Христијанството на просторот на денешната Брегалничка епархија било присутно уште во ранохристијанскиот период. На оваа територија се основале повеќе значајни стари градови, како што се: Баргала, Каленидин, Армонија и Запара. Тие уште во старо време претставувале значајни ранохристијански центри и епископски престолнини[2]. На Четвртиот вселенски собор (Халкидонскиот во Витинија), што се одржал во 451 година, од градот Баргала се спомнува присуството и учеството на епископот Дарданиј. Овој епископ на Соборот се потпишал како епископ од Баргала, веднаш по епископот Никола од Стоби[3]. Со археолошките истражувања што биле направени во периодот од 1966-1968 година, во кои главно најмногу се ангажираше академик Блага Алексова, во градот Баргала е откриен комплекс на епископска базилика. На фасадите на овој верски објект стои натпис во кој се спомнува епископот на Баргала Херемиј како основач на оваа базилика[4]. Во времето на византискиот император Јустинијан I (527-565) областите на сегашната Брегалничка епархија биле дел од архиепископијата Јустинијана Прима[5].

Во VIII век управител на Брегалничката област бил св. Методиј[6], а неговиот помлад брат св. Кирил[7] го поучувал народот од овие предели за добродетелите на христијанството[8]. Околу 870 година во новосоградениот град во близина на Брегалница биле пренесени моштите на струмичките

---

[1] Трајановски Александар, (2008), *Возобнување на Охридската Архиепископија како Македонска Православна Црква и нејзиниот шематизам,* Скопје, 337.
[2] Алексова Блага, (1989), *Епископијата на Брегалница,* Прилеп, 11.
[3] Исто,. 8.
[4] Исто,. 45.
[5] Димевски Славко, (1989), *Историја на Македонската православна црква,* Скопје, 16.
[6] Познат под световното име Михаил (810-885)
[7] Познат под световното име Константин (827-869)
[8] Димевски Славко, (1989), *Историја на Македонската православна црква,* Скопје, 45.

тивериополски маченици. На Црковно-помесниот собор 878-880 година одржан во Константинопол, се спомнува името на епископот Брегалнички Мануил[9].

За време на Самуиловата средновековна држава, областите на Брегалничката епархија се наоѓале под јурусдикција на Охридската патријаршија[10]. По пропаѓањето на Самуиловото царство, византискиот император Василиј II (976-1025) во 1019 година издал повелба во која што на територијата на Брегалничката епархија ги спомнува: Морозвиската, Малешевската, Овчеполската, Злетовската и Лесновската епископија. Не спомнувањето на Брегалничката епархија во издадената повелба од страна на Василиј II, е поради некогашната забележителна и значајна дејност на светите браќа Кирил и Методиј во епархијата која била спротивна на тогашната византиска политика[11].

Во времето на српскиот крал Милутин Урош II (1289-1321), Овче поле, Злетово, Пијанец и други делови од Источна Македонија, односно на поголем дел од териториите на Брегалничката епархија, потпаднале под српска власт. На црковно-државниот собор во Скопје во 1347 година, на кој присуствувал царот Стефан Душан Урош IV (1331-1355), царицата Елена, севастократорот, големиот војвода и деспотот Јован Оливер како прв советник на дворот на царот, пеќскиот патријарх Јоаникиј, охридскиот архиепископ Никола II (1457-1459), митрополити, епископи, игумени, монаси и властелини, Лесновскиот манастир возобновен во 1341 година од игуманија бил издигнат во седиште на новооснована Злетовска епископија, како дел од Скопската митрополија, а под јурисдикција на Пеќската патријаршија. Познати се двајца епископи на новоформираната Лесновска епископија: Јован и Арсениј[12]. Од 1381 година Злетовската епископија станала повторно метох на Хиландарскиот манастир. Подоцна како Морозвишки (или Кратовски) владици се спомнуваат: Давид (крај на XV век), Никифор (1529-1532), Пахомиј (1530-1541) и Софрониј (1550). Од 1557

[9] Алексова Блага, (1989), *Епископијата на Брегалница,* Прилеп, 161.
[10] Димевски Славко, (1989), *Историја на Македонската православна црква,* Скопје, 82.
[11] Алексова Блага, (1989), *Епископијата на Брегалница,* Прилеп, 15.
[12] Велев Илија, (2001), *Записи и натписи од Лесновскиот книжевен центар,*Скопје, 15-16; *Манастир Св. Јован Лесновски,* Кочани, 2007, 10-12.

година Лесново се наоѓа како дел од Ќустендилската епархија, под јурисдикција на возобновената Пеќска патријаршија.

Кон средината XVII век злетовско-кратовскиот митрополит Михаил во придружба на брата си цивил Венијамин Николаев, со седиште во Лесновскиот манастир, патувал во Русија по милостина. На средбата со рускиот цар Алексеј Михајлович (1645-1676) во Кремљ (Москва), добил парична помош (запишана во грамота) за настраданиот манастир од Османлиите. Меѓутоа, на враќање од Русија во пограничниот град Путивљ му била одземена грамотата. Без неа не можел да се врати назад во својата татковина. По чекање од две години, дури на 23 мај 1654 година му била издадена нова грамота, во која се наведувала вредноста на неговата материјална награда од рускиот цар и патријархот на Московската патријаршија[13]. Во 1660 година кратовскиот митрополит Михаил повторно патувал за Русија да се моли за материјална помош за храмовите во својата епархија, преоптоварени со бројни османски даноци и друг вид на давачки; а сепак првенствено тоа се однесува за Лесновскиот манастир. Во грамотата што му била издадена за таа цел, митрополитот Михаил со својата братија од Лесновскиот манастир можеле да патуваат за Русија по милостина секоја шеста година и да собираат материјална помош[14] .

По укинувањето на Пеќската патријаршија (1766) црковните институции во овие источни делови на Македонија (Штип, Радовиш, Кочани, Виница, Кратово, Царево Село) се наоѓаат под власта на Екуменската црква под јурисдикција на Ќустендилската епархија. По укинувањето, пак, на Охридската архиепископија (1767) сите нејзини епархии се нашле под јурисдикција на Цариградската патријаршија. Борбата за еманципација од Вселенската црква и воопшто од елинизмот во источниот дел од Македонија најмногу до израз дошла во 60-те години на XIX век. Станува збор за отпорот на епархиотите во спомнативе градови од 1861 до крајот на 1869 година против патријаршиските грчки и ќустендилски владици Дионисиј и Игнатиј[15].

---

[13] Центральный государственый архив древних актав-Москва (ЦГАДА.М), ф. 52. оп. 1, д. 20, лл. 1-19.
[14] ЦГАДА-М, Ф., 52, оп. 1, д. 58, лл. 1-2об.
[15] Трајановски Александар, (1988), *Црковно- училишните општини во Македонија,* Скопје, 204-206.

Во 1920 година откако возобновената Српска православна црква неканонски ги приграбила (откупила) од Екуменската црква за 1 500.000 златни франци, црковните институции во вардарскиот дел на Македонија, основала одделна Злетовско-струмичка епархија на чело со српскиот митрополит Серафим Јовановиќ.

По возобновувањето на Охридската архиепископија како Македонска православна црква (1958), бил хиротонисан (1959) првиот митрополит на некогашната Злетовско-струмичка епархија – епископот Наум[16]. Едно време со епархијата управуваше Неговото Високопреосвештенство митрополитот г.Горазд[17], а потоа Неговото Високопреосвештенство митрополитот г.Стефан[18]. Откако епархијата се подели на два дела (1989), Брегалничка и Струмичка, долго време на чело на Брегалничката епархија, се до изборот за поглавар на МПЦ, се наоѓаше спомнатиот митрополит г.Стефан. По неговото заминување за поглавар на МПЦ, испразнетото место го пополни епископот Јован[19]. Поради недоразбирањата што избија со мирјаните и јерејството, митрополитот Јован беше преместен за владика на Повардарската епархија. За нов Брегалнички митрополит беше поставен дотогашниот Повардарски митрополит г. Агатангел[20].

## 2. ОПШТИ ПРОСТОРНИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Реката Брегалница е најголемата источна притока на Вардар. Таа во својот среден тек минува низ Кочанската Котлина оставајќи го Овче Поле од својата северна страна. Кочанската Котлина зафаќа простор од околу 40 км², по должина со оска што има североисточно-југозападен правец со

[16] Митрополитот Наум (Тома Димовски), роден во Битола во 1908 година, беше хиротонисан за митрополит Злетовско-струмички на 26 јули 1959 година. Почина на 27 ноември 1977 година.

[17] Митрополитот Горазд (Богољуб Димитриевски) е роден во село Стрезовце, Кумановско на 21 септември 1936 година.

[18] На 12 јули 1986 година Стефан (Стојан Велјановски, Добрушево, Битолско, 1. V 1955) беше хиротонисан за митрополит Злетовско-струмички (односно Брегалнички). На таа должност остана се до устоличувањето за архиепископ Охридски и Македонски и митрополит Скопски, на 10. X 1999 година.

[19] Јован (Зоран Вранишковски, Битола, 28. II 1996) беше хиротонисан за епископ Дремвицки на 19. VII 1998 година.

[20] Агатангел (Атанас Станковски, Скопје, 11. III 1955), беше хиротонисан за епископ Велички на 12. VII 1998 година, а наскоро поставен за митрополит на Повардарската епархија.

остри рабови. На југоисток во Котлината се вовлекува големата кристалеста маса на Плачковица. На исток е заградена со планината Голак, а на запад е пониското терцијарно замјиште на Овче Поле[21] .

Оваа котлина, и покрај тоа што зафаќа мал простор, е од тектонско потекло. Нејзиниот северозападен раб ги сече кристалестите шкрилци кај Кочани и Оризари. Кај Кочани и Кочанска Бања се јавуваат андезитски туфови и термални извори. Најзиниот јужен раб ги сече кристалестите шкрилци на Плачковица.

Од Штип нагоре по Брегалница и под Плачковица се минува преку терцијарно земјиште. Меѓу терцијарните брегови кај Облешево се протега околу 5 километри алувијална рамнина. Во мај 1904 година Брегалница била широка околу 80 метри, а длабока до колена, со песокливо дно, со повеќе мочуришта околу коритото и со понекој извор во рамнината. Кај Крупиште на десниот брег се гледа дилувијална песоклива тераса каква што има и пред Кочани[22].

Во Кочанската Котлина се наоѓа хидрографската челенка на Брегалница бидејќи овде се формира како поголема река, благодарејќи на нејзините притоки Злетовштица, Кочанска Река, Масалница, Осојница и Зрновска Река и на многуте реки што течат од Плачковица[23]. Од обете страни на Брегалница од Штип нагоре се простира земјиште со црвена и сива боја, од црвен песочник, лапор, конгломерат, сив песочник со вметнати модри глинци. Над овие карпи се појавува, како горен слој, жолтеникав и белузлав варовник во дебели слоеви. Овој варовник по петрографскиот хабитус е сличен на олигоценскиот варовник од Бела. Околу Штип има главно гранитни маси[24].

Од испитувањето на земјиштето по Брегалница од нејзиното влевање во Вардар па по нејзината долина, Ј. Цвијиќ заклучува дека целиот овој терен му припаѓа на постариот терцијар. Со истражувањето на

---

[21] Цвијиќ Јован, *Основе,* 229.
[22] Цвијиќ Јован, *Основе,* 229; Недков, Положба 11-44; Стојанов, Геолошки састав 48 и пон
[23] Цвијиќ Јован, *Основе,* 234.
[24] Цвијиќ Јован, *Основе,* 212; Стојанов, Геолошки состав, 48-60. Авторот во својата студија ги дава карактеристиките на геолошките формации на оваа територија истакнувајќи ги детално содржината и составот на земјиштето во одделни области. Понатаму изложува за сложената тектонска градба на теренот што го зафаќа Штипската општина и укажува на рудното богатство на оваа котлина, 62-63.

брегалничката Сатеска кај Штип и старата долина на Отиња, на штипскиот гранитен локалитет е утврдено поместување на коритото на Брегалница од запад кон исток[25].

Највисоката маса на Плачковица е над Радовиш и  над Кочанската Котлина. Таа се состои од четири кристалести масиви и снижениот дел на запад што се вика Средна. Највисок е врвот Чупино со 1350 метри. Од овие пространи највисоки маси се протегаат кон север и југ паралелни, долги падини меѓу кои се наоѓаат притоките и краците на Брагалница и Струма. Овие благи падини се расчленети на помали, така што Планината изгледа како да е набрана. Таа има симетрична пердувеста структура. Плачковица е проодна планина и им припаѓа на пошумените планини под грмушки и крупна шума. На Плачковица има лисни дрвја, и тоа даб, бука, јасен и липа.

На највисоките места има борово ели, но тие не зафаќаат големи површини. На Плачковица има големи простори со бујна паша и ливади, поради што на оваа планина има и Власи со големи стада овци[26].

Овче Поле е рамнина што се издига над Скопската Котлина за 100-150 метри. На запад е ограничена со Вардар, од утоката на Брагалница до утоката на Пчиња. Северната граница ја сочинуваат низа еруптивни купи, додека меѓуречјето помеѓу Злетовштица и Азмак е нејзината источна граница, а на југ границата е Богословец. Ареалот на Овче Поле е околу 1400 км² со главната река Азмак.

Овче Поле во поголем дел е централна езерска рамнина, со незначителни тектонски нарушувања. Од дулувиумот била изложена на ерозија, под посебни услови, кои се во врска со геолошкиот состав на земјиштето. Во неговиот северозападен дел се јавуваат две паралелни клисури: Таорска на Вардар и Бехадерска на Пчиња[27] .

Овче Поле е отворена рамнина опкружена со релативно ниски разредени брегови, така што е погодно за комуникациски врски во сите правци. Важно е да се одбележи дека оваа рамнина претставува важен дел на централните области на балканското јадро.

---

[25] Исто,. 214-216.
[26] Исто,. 245.
[27] Цвијиќ Јован, *Основе,* 200.

Поради отвореноста во своите правци, преку Овче Поле воделе повеќе патишта што ги поврзувале овие области со североисток и југозапад. Како најзначајни се споменуваат: Големиот пат, Серскиот и Штипскио-велешкиот. Првите два имаат меридијански правец, додека третиот има правец исток-запад. Големиот пат е стариот врањско-солунски друм кој, според Ј. Рачанин, од 1704 година немал секогаш ист правец и се поместувал од исток на запад.

Серскиот пат водел кон Штип и на југ кон Радовиш, Струмица и Серез. Со изградбата на железницата првите два пата го губат значењето. Поголемо значење добива Штипско-велешкиот кој води кон Велес. Покрај овие, имало и полоши патишта што воделе за Криволак, Градско и Тиквеш, преку кои се пренесувала стока од Брегалница, Овче Поле и Долна Лакавица[28].

---

[28] Исто,. 224 и 244.

## 3. ИСТОРИСКИ И ЦРКОВНИ ПРИЛИКИ

Земјите меѓу Аксиос и Стримон, кои претставуваат поголем дел од денешна Република Македонија, во времето пред доаѓањето на Римјаните биле населени со пајонски племиња. Првите историски податоци за нив ги наоѓаме во Илијадата[29], каде што се наспоменува дека некои од овие племиња учествувале во Тројанската војна и се бореле против Ахајците како сојузници на Тројанците под предводништво на Пирајхме[30].

За териториите што ги населувале пајонските племиња податоци даваат античките писатели[31]. Областите што ги заземале на исток се граничеле со Стримон, на југ со Егејско Море, на запад со Аксиос, а им биле придодадени и Пајонците што живееле источно од Вардар. Таму бил центарот на пајонските племиња и на пајонската организирана држава. Во својот северен и северозападен дел, околу Брегалница кон Стримон, оваа област опфаќала и трачки елементи[32].

Пајонија го заземала долниот тек на реката Астибос, денешна Брегалница, во чии води било изведувано обредното крунисување на пајонските кралеви[33].

Зајакнатата македонска држава на чело со Филип II ја зазема Пајонија, потоа таа се ослободува и останува независна до 284 година пред н.е., кога Лизимах повторно ја потчинува под Македонија[34].

За време на владеењето на македонскиот крал Антигон Гонат се претполага дека Пајонија не влегувала во рамките на македонската држава, меѓутоа таа брзо паѓа под власта на своите северни, за војна расположени соседи--Дарданците[35].

Со навлегувањето на Римјаните на Балканот и со победата над македонскиот владетел Персеј во 168 година пред н.е., Македонија е поделена на четири области со извесна самостојност. Подоцна, во 146

---

[29] Хомер, *Илијада,* Б 848-850.
[30] Хомер, *Илијада,* П 284-293.
[31] Папазоглу Ф. (1957), *Македонски градови у римско доба,* Скопје, бел 2, 58.
[32] Исто., 231.
[33] Исто., бел 63, 68 и 244.
[34] Кацаров Г., (1921), *Пеония,* София, 41; Папазоглу Ф., *Градови,* 231.
[35] Папазоглу Ф. (1957), *Македонски градови у римско доба,* Скопје, бел 2, 231; Папазоглу Ф., (1966), *Среднобалканске племена у предримско доба,* Сарајево, 101.

година пред н.е., Македонија ја загубила оваа самостојност и била претворена во провинција.

Балканскиот Полуостров, на чија територија се наоѓаат областите по текот на Брегалница, во немирните времиња на римдкиот период често пати прекројувани, добива заедничко одбележување со поимот Illyricum[36]. Крајот на II век и првата половина на III век во Македонија претставуваат време на политичка и економска стабилизација и на мирен живот, што е одбележано со засилена градежна дејност и развиток на повеќе населени места.

Областите по Брегалница за време на раното Царство не влегувале во провинцијата Македонија. Прво и припаѓале на провинцијата Тракија, а по образувањето на Средоземна Дакија се приклучиле кон оваа област[37]. За ова сведочи и натписот од Ханче од 371/2 година, во кој се споменува Баргала која, како еден од најјужните градови на оваа област, во тоа време и припаѓала на Dacia Mediterranea[38]. Помеѓу учесниците на Халкидонскиот собор во 451 година се појавува Дарданиј, епископот од Баргала, кој го потпишал своето име веднаш по Никола, епископот од Стоби[39], а кои се наоѓаат на листата на епископи од провинцијата Macedonia I[40]. Во Синекдемосот на Хиероклиј, препис од 527/8 година, меѓутоа, базиран делумно врз извори од втората половина на петтиот век, е спомнато дека Баргала припаѓала на провинцијата Macedonia II[41], која се идентификува со Macedonia Salutaris[42].

Поделбата на Империјата на источен и западен дел започнува со Диоклецијановата (284-305) административна и политичка реорганизација. При крајот на IV век, според податоците на црковниот историчар Теодорит, Илирик станува самостојна црковна област[43].

---

[36] Leclerq, (1926), DACL, *Illyricum,* t. VII, col 89-190; Duval et Popović, Urbanisme et topographie chrétienne, 369-370.
[37] Папазоглу Ф. ,(1957), *Македонски градови у римско доба,* Скопје, бел 2, 83 и 96.
[38] Венедиков Ј., (1943), *Земите по средина Вардар,* принос км античката географиа на Македонија, Скопје, 84-86; Папазоглу Ф. ,(1957), *Македонски градови у римско доба,* Скопје, бел 2, 93.
[39] Schwartz E., *Acta Conciliorum Oecomenicorum,* II, I, I, p. 64.
[40] Schwartz E., *Acta Conciliorum Oecomenicorum,* II, I, 2, p.102.
[41] Honigmann Ed. E., *Le Sinekdemos du Hiéroklès,* 641, 6.
[42] Папазоглу Ф. ,(1957), *Македонски градови у римско доба,* Скопје, бел 2, 91-95.
[43] Theodorit, *Historia Ecclesiastica,* I, V, 23, 8-12, ed. L. Parmentier, 323.

Христијанството, по последните прогони, непречено се шири бидејќи станува главен фактор на царската политика. Во 325 година Константин I учествува на Соборот во Никеја на кој е воспоставена врска помеѓу црквата и државата, чија реформа целосно се потпира врз Диоклецијановата реорганизација. На соборот била осудена монотеистичката доктрина на Аријанизмот. Империјата била поделена со Ilyricom на западната и Thracia на источната половина[44] .

Во 380 година со Едиктот од Солун е потврдено христијанството како единствено признатa вера во Царството. Во 382 година Источен Илирик му е отстапен на Источното царство со присоединување на двете провинции Dacia и Macedonia на Диацезата на Thracia[45] .

При крајот на IV век Македонија е поделена на две области. Macedonia Prima се наоѓала помеѓу провинциите на Илирик кои имаат consular за наместник, додека на чело на провинцијата Macedonia Salutaris се наоѓал praeses. Според Момзен, Macedonia Salutaris можела да биде формирана околу 386 година. Се претполага дека оваа провинција немала долг век[46].

Подоцна Македонија повторно е поделена на две македонии. За ова спомнува и comes Marcelinus во 482 и 517 година. Со Јустинијановата административна и црковна реформа, Macedonia Secunda е ставена под црковна власт на Prima Justiniana, во 535 година. Од списоците на Хиероклиј од крајот на V век и почетокот на VI век можат да се одредат границите на оваа провинција, одбележува Ф. Папазоглу. Таа ги зафаќала областите по средниот тек на Вардар, долниот тек на Црна и целиот тек на реката Брегалница[47].

Големите црковни области се развиле врз граѓанско-политичката администрација на римската држава, а како основа им служела Диоклецијановата поделба на Римската Империја на диецези. Црквата во

[44] Hoddinott R. F., (1975), *Bulgaria in Antiquity,* New York, 340.
[45] Исто., op. cit. 340.
[46] Leclercq, (1923), DACL, *Illyricum,* VII, col. 89-190; Папазоглу Ф. ,(1957), *Македонски градови у римско доба,* Скопје, бел 2, 91-93.
[47] Папазоглу Ф., (1957), *Македонски градови у римско доба,* Скопје, бел 2, 92-93.

Солун поради своето апостолско потекло уживала посебен углед помеѓу другите цркви[48].

Источен Илирик, кој до Јустинијан претставувал единствена црковна организација, од Јустинијан е поделен на две независни црковни области со свои посебни средишта. Овие новообразувани области се поклопувале со областите на двете граѓански диецези на префектурата Илирик, Дакија и Македонија. Првата припаѓала во сферата на римската култура, додека втората имала грчки карактер со неколку енклави и припаѓала во сферата на елинската култура. Црковно средиште на јужната област останал Солун, а црковно средиште на новата област и новиот политички центар на префектурата станал градот Prima Justiniana[49].

Против царската црковна политика голем отпор развиле епископите од Илирик. Во врска со овие теолошки и црковни спорења и во врска со нивното расправање и донесувањето на дефинитивна одлука, бил свикан во Цариград петтиот вселенски собор во 553 година. Тогаш е донесено конечно решение што било слично со ставот на Јустинијан. Меѓутоа , архиепископијата претставувала прва самостојна црковна организација во централните области на Балканот. Таа развила богат и интензивен живот. На ова укажуваат повеќето откриени црковни споменици во јурисдикционите области на архиепископијата. Посебно треба да се одбележи дека нејзиното основање како самостојна црковна организација со седиште северно од Солун имало далекусежни последици во развитокот и организацијата на самостојната црква на Балканот[50].

Општата обнова на Римската Империја ја зафаќа и Македонија со областите по текот на Брегалница и тоа градовите: Баргала , Келенидин, Армонија и Запара[51].

За градовите Баргала и Запара, споменати во списоците на Хиероклиј, има податоци дека претставувале многу значајни ранохристијански црковни центри и епископски седишта. Со археолошките

---

[48] Лепорески П., (1901), *Историа Тесалоникскаго Екзархата,* С. Петербург, 64; Гранић Б., (1924), *Оснивање архиепископије у граду Јустиниана Прима,* Гласник СНД, 114; Поповић Јустин, (1912), *Опћа црквена историја I,* Сремски Карловци, 183,190.
[49] Leclercq, op. cit. 89-190; Гранић Б., op. cit. 126; Папазоглу Ф., *Градови,* 92-93.
[50] Љубинковић Р., (1966), *Традиција Приме Јустинијане у титулари Охридских архиепископа,* Старинар 17, 61-75.
[51] Honigmann Ed. E., *Le Sinekdemos du Hiéroklès,* 641, 6.

истражувања е откриен градот со ранохристијанскиот комплекс и е убициран кај Горен Козјак. Епископскиот град Баргала е посведочен и со натписот на капителот од влезот на трибелонот на црквата, со името на епископот Хермија, основач на Базиликата[52]. Градот Запара како civitas и епископско аедиште се споменува во 553 година на V Екуменски собор во Цариград. По тоа време бил под јурисдикција на архиепископијата Prima Justiniana[53] и се наоѓал во новоснованата провинција Средоземна Дакија. Епископот Фока од Стоби го претставувал Бененат од Prima Justiniana на соборот во Цариград.

Досега откриените градови, тврдини и населби се делумно истражени. Во нив се откриени цели архитектондки ранохристијански ансамбли, со многубројна црковни објекти и гробни структури. Овие остатоци укажуваат на жива градежна активност од крајот на IV век и низ целиот V-VI век во јурисдикционите области на организираните црковни центри по Брегалница.

Епископиите по Брегалница во ранохристијанскиот период се дел од црковната организација на Источен Илирик, кој од крајот на IV век бил самостојна црковна област. За нејзиниот самостоен развој од особено значење е тоа што оваа област од средината на IV век е самостојна префектура со главен град Солун, кој бил стопанско и културно средиште на оваа административна единица. За владеењето на Јустинијан потпаѓале под јурисдикција на Prima Justiniana, првата самостојна црковна организација на Балканот во ранг на архиепископија[54].

Историјата и развитокот на епископиите по Брегалница се неразделни од развојот на црквата во Солун и Илирскиот епископат како и од архиепископијата Prima Justiniana. Во нивниот развој голема улога одиграле и борбите за превласт над црквата во Илирик што се воделе помеѓу Рим и Константинопол.

Археолошките истражувања ги потврдуваат историските изворни податоци и укажуваат дека по Брегалница во доцноантичкиот период во

---

[52] Алексова Блага-Mango C., (1971), *Bargala:* A preliminary report, DO Papers 25, Washington, D. C., 268.

[53] Папазоглу Ф. ,(1957), *Македонски градови у римско доба,* Скопје, бел 2, 248.

[54] Leclerq, (1926), DACL, *Illyricum,* t. VII, col 89-190; Љубинковић Р., (1966), *Традиција Приме Јустинијане у титулари Охридских архиепископа,* Старинар 17, 61-75.

јурисдикционите територии на двете епископии во Баргала и Запара се наоѓале повеќе изградени црковни градови. Во плановите на овие објекти се забележуваат влијанија од метрополите и од малоазиските црковни центри.

Силната и добро организираната црква со две епископски седишта, со многубројни црковни градби по Брегалница и пошироко, одиграла пресудна улога во животот на Словените во Македонија по нивното населување на Балканот. Големиот број стари ранохристијански црковни градби придонел за брзото ширење на христијанството помеѓу Словените, за нивното брзо описменување и за основањето на првата словенска епископија во Македонија.

До почетокот на VII век во поширокото подрачје на Брегалница се населило словенското племе Стримонци[55]. Историските извори нè известуваат дека меѓу словенското население во Тракија и Македонија постепено се зголемувал и бројот на приврзаниците на христијанството, што се објаснува со подолгото живеење под византиска власт[56], така што од средината на IX век имало многу покрстени Словени.

И покрај легендарните податоци, со мисијата на Константин Кирил Филозоф започнува покрстувањето и ширењето на писменоста на словенски јазик помеѓу Словените на Брегалница[57]. Организирањето на првата словенска епископија на Брегалница и подигањето на црквата, во која се пренесени моштите на Тивериополските-Струмички маченици[58], претставува посебен историски настан во животот на Словените во Македонија и почетокот на прва организирана словенска црква на Балканот. Богослужењето во овој катедрален храм е изведувано на словенски јазик од свештеничкиот клир обучен од Климента.

---

[55] Панов Б., *Штип и Брегалничката област,* 46.

[56] Снегаров И., (1956), *Християнството в Българиа преди покрстването на княз Бориса,* 865, Годишник на Дух. Акад. 5, София, бел. 5, 195-218.

[57] Од средината на XIX век со прашањето за мисионерската дејност на Константин Кирил Филозоф на Брегалница се имаат зафатено многу учени луѓе. Ова прашање е отворено во науката, бидејќи еден број од учените оваа мисија ја прифаќаат како претпоставка. За ова прашање види понатаму во „Брегалничката мисија” со цитирана селективна библиографија за проблемот.

[58] Теофилакт, (1931), *Мъченичеството на светите славни 15 свештеномаченици пострадали во Тивериопол,* Сборник БАН, XXVII, София, 260-262.

Откривањето на овој репрезентативен храм со Martyrum од крајот на IX век и почетокот на X век на Брегалница, недалеку од Крупиште, недвосмислено го поврзува првото организирано словенско црковно средиште со Македонија[59]. Определувањето на првата словенска епископија е јасно одбележано кај Теофилакт кој наведува дека се наоѓала на Брегалница.

Византиската контрола над овие области населени со Словени повторно е воспоставена од императорот Јован Цимискиј во 971 година и уште посигурно по пропаста на Самоиловата држава за време на Василиј II на почетокот на XI век. Веднаш потоа следува и црковната реорганизација што ја спроведувал Василиј II со Повелбата дадена на Охридската архиепископија од 1019 година. Во оваа повелба епископијата на Брегалница веќе не се споменува[60]. Од пропаста на Самоиловата држава во овие источни области на Македонија се споменува Мородвишката, Малешевската, Злетовската и Лесновската епископија додека потпаднала под Ќустендилската епископија[61].

Треба да се спомене дека постои сомневање во исправноста на Повелбите на Василиј II и во епархиското распределување што е претставено во нив. Поради тоа постои оправдано мислење дека Василиј II, по победата над Самоил, имал посебни причини да ја укине првата словенска епископија на Балканот, што се наоѓала на реката Брегалница, бидејќи таа како прв словенски центар и лулка на словенската писменост, просвета и култура и прво организирано од Климента црковно жариште најмногу и пречела на византиската политика.

[59] Остатоци од овој споменик за прв пат се откриени во 1984 година од Б. Алексова и Д. Црневски, и тоа централната и двете северни апсиди. Поради подводниот терен и нерешените имотни прашања истражувањата се продолжени со ограничени можности во текот на 1985-86 година. Со ископувањата во 1987 година, што ги води Б. Алексова со учество на Л. Велковска, Ј. Намичева, М. Бошковски и В. Кипријанов, продолжи откривањето на овој раскошен објект од неговата источна страна.

[60] Gelzer H., (1893), *Ungedruckte und weinig bekannte Bistumerferzeichnisse,* BZ 2, коментар на стр. 51, 42-46.

[61] Томоски Томо, (1978), *Мороздвишка епископија, Културно наследство,* VII, Скопје, 93-116.

## 4. ЕПИСКОПИИ И ЦРКОВНИ ЦЕНТРИ

### 4.1. БАРГАЛА

Цивилната населба на доцноантичкиот град Баргала, расположен кај самата Козјачка река, израснала во силен црковен и културен центар по средниот тек на Брегалница во IV-V век. Градот бил расположен на една блага отворена падина крај реката, лесно пристапен од сите страни, со отворен и широк видик над котлината на Брегалница. Убицирањето на градот Баргала, познат епископски центар, документиран со археолошките наоди веќе од IV век и потврден во литературните извори од V-VI век, се темели врз следниве проучувања.

Откриениот латински натпис во Втората светска војна во месноста Ханче, датиран во 371/2 година, се гледа дека Баргала влегувала во составот на провинцијата Средоземна Дакија. Во литературните извори градот Баргала го наоѓаме во списоците на Халкидонскиот собор од 451 година. Таму е потпишан епископот Дарданиј од Баргала веднаш по Никола, епископ од Стоби, кои се споменати меѓу епископите од Macedonia I.

Подоцна, во Синекдемосот од Хиероклиј од 527/8 година, Баргала е спомената во Macedonia II[62], која е формирана кон крајот на IV век, а чиј главен град бил Стоби. Ова се последните споменувања на Брегалница под нејзиното старо име. Градот не го наоѓаме меѓу тврдините обновени од Јустинијан одбележани кај Прокопиј во De aedificiis (ca 553-555), ниту во други византиски текстови, освен во De Thematibus од Constantine Porphyrogenitus, во деловите земени од Хиероклиј.

[62] Honigmann Ed. E., *Le Sinekdemos du Hiéroklès,* 641, 6.

## 4.2. ЕПИСКОПСКА БАЗИЛИКА

Објектот на Епископската базилика претставува стандарден тип на ранохристијанската црковна градба што бил раширен во медитеранските земји и на Балканскиот Полуостров. Базиликата има три кораба со полукружна апсида однатре и однадвор, внатрешен нартекс и отворен ексонартекс. Во црквата се влегува преку осум високи скалила од правецот на западниот влез преку поплочениот плоштад украсен од северната страна со една полукружна апсида со колони што носеле јонски капители. Западната фасада на базиликата претставува трочлена аркада, одвоена со колони чии бази се најдени in situ и крај нив колоните со импостите[63]. Едниот од двата капитела има натпис, на натписот од капителот епископот Хермија понизно се нарекува роб Христов, што претставува вообичаена формула. Маѓутоа, Филип и Евстатиј од двете епископски базилики од Стоби употребуваат најсвечен епископски епитет што и двајцата истакнуваат дека првиот ја подига, а вториот ја обновува „градбата на светата божја црква" , што ги одбележува тројцата епископи како ктитори на базиликите. Со оглед на тоа дека натписот бил поставен на фасадата од градбата, може да се претпостави дека Хермија бил основач на базиликата.

## 4.3. ЕПИСКОПСКА РЕЗИДЕНЦИЈА

Југоисточно од одаите е откриена голема сала со широка апсида од северната страна. Градена е од кршен камен и поголеми камени обработени блокови во opus incertum со извесно хоризонтално услојување. Подот во оваа голема просторија е послан до камени плочи. Апсидалниот простор е повисок за една скала и исто така поплочан. Крај источниот ѕид се откриени две подоцнежни огништа без остатоци од керамика. Оваа сала преку два влеза комуницира со одаите од комплексот за живеење. Влезот во оваа сала бил од јужната страна и со прекопувањата е уништен.

[63] Алексова Блага-Mango C., (1971), *Bargala:* A preliminary report, DO Papers 25, Washington, D. C., 267-273.

## 4.4. ЗАПАРА

Со мошне значајните податоци за градовите во провинцијата Macedonia Secunda или Salutaris што ни ги дава Хиероклиј се споменува и градот Запара[64]. Извесни појаснувања за градот ни даваат и списоците на Петтиот екуменски собор во Цариград одржан во 553 година[65]. Тогаш Sabinianus episcopus Zapparenae civitatis одбил да присуствува на овој собор од солидарност со својот архиепископ Бененат од Prima Justiniana, со што ја изразил својата поддршка на царската политика по однос на црковните прашања во Источен Илирик. По тоа време Запара припаѓала под јурисдикција на архиепископијата Prima Justiniana и на новооснованата провинција Средоземна Дакија[66]. Поради тоа на соборот во Цариград во 553 година нив ги претдтавувал епископот Фока од Стоби, и покрај тоа што исходот на соборот испаднал во корист на Јустинијановата црковна политика.

Името на градот е трачко. Ив. Венедиков и Ф. Папазоглу ја идентификуваат Запара со денешното село Сапарево во Дубничкиот крај. Врз основа на сличноста на името, Томашек и Хонгиман го изедначуваат со Цапари кај Битола. Авторот на овој труд има изнесено претпоставка дека Запара би можела да се убицира кај供Мородвиз. Меѓутоа, сите претпоставки не се прифатливи бидејќи не се докажани доволно со материјални остатоци[67].

[64]Honigmann Ed. E., *Le Sinekdemos du Hiéroklès,* 642, 6.
[65] Папазоглу Ф., (1957), *Македонски градови у римско доба,* Скопје, бел 2, 247-248.
[66] Исто., бел 77, 247.
[67] Алексова Блага, (1984), *Крстовидната црква од Мородвиз,* Историја 2, 388.

## 4.5. ЦРКВАТА СВ. НИКОЛА

Овој црковен објект се наоѓа на месноста Подцркви, западно од утоката на Злетовка во Брегалница, покрај самиот пат што води од Штип за Кочани. Градбата е расположена на едно зарамнето плато десно од патот, што ја дели оваа месност од селото Крупиште.

Црквата св.Никола за прв пат ја спомнува Р. Груиќ, кој во 1932 година го обиколувал регионот по Брегалница. Тоа го одбележува при разгледувањето на прашањето за убикација на Крупиште споменато во Повелбата на Стефан Душан од 1355 година. Врз основа на остатоците од материјалот покрај црквата, тој дошол до заклучок дека објектот лежи над едн пространа градба, во која претполагал дека Стефан Душан го одржал споменатиот Собор[68].

Црквата св.Никола кај Крупиште е еднокорабна градба со припрата и полувалчест свод, кој е во припратата нешто понизок од тој во наосот. Поради нерамниот терен се влегува преку три скали. Градењето на оваа црква е изведено набрзина со градежен материјал од разурнатите антички и ранохристијански објекти, каков што е случакот со црквата Св.Ѓорѓи во Козјак, крстовидните цркви во Муродвиз, Теранци и еднокорабната црква со припратата во Оризари-сите од IX-X век.

## 4.6. БАЗИЛИКАТА ПОД ЦРКВАТА СВ. НИКОЛА

Со ограничените археолошки ископувања изведени во 1975 година, под темелите на црквата Св.Никола се откриени остатоци од еден стар црковен објект. Од старата црква се откриени северниот и јужниот периметрални ѕидови, кои формираат странични кораби на објектот. Централната апсида на наосот завршува со една апсида на источната страна, која однатре е полукружна, а однадвор полигонална. Во североисточниот дел на објектот се задржани остатоци од стилобатниот ѕид на овој објект. На западната страна е одбележана линијата на корабите и на страничните ѕидови што го формираат нартексот. Според досегашните нецелосни податоци од истражувањата, објектот претставува базиликално

[68] Грујић Р., (1955), *Археолошке и историске белешке из Македоније,* Старинар н. с. III-IV, 203-205.

решение со централен кораб и две странични крила со нартекс на западната страна. Овој ранохристијански објект среде доцноантичките гробишта е разурнат, како и многуте други црковни споменици по Брегалница и во Македонија, во текот на големите аваро-словенски инвазии. По населувањето на Словените на во овие области црквата е обновена. Над темелите на стариот ранохристијански разурнат храм е подигната еднокорабна црква со нартекс[69].

## 5. ЕПАРХИИ

### 5.1. МОРОЗДВИШКА ЕПАРХИЈА

*И епископот на Мородвиз да*
*Има во самиот Мородвиз, во*
*Козјак, Славиште, Луковица,*
*Пијанец и во Малешево 15*
*Клирици и 15 парици*

Седиштето на епархијата било на местото на денешното село Мороздвиз, од левата страна на Брегалница во близина на градот Кочани, каде што сега се изведуваат археолошки истражувања во старите цркви. Денес постои село Козјак, а исто така и област и се наоѓаат меѓу Крива Река и Пчиња, на североисток од престолниот град на епархијата[70]. Меѓутоа, не се во право хипотезите кои тоа место го ставаат во рамките на Мороздвишката епархија. Средновековното гратче Κοζιακόσ за кое се зборува во повелбата и кое било во рамките на оваа епархија, се наоѓало меѓу Штип и Мороздвиз длабоко вовлечено во планината Плачковица на едно возвишение во вид на купола, кое личи на право орловско гнездо[71].

---

[69] Алексова Блага, (1989), *Епископијата на Брегалница,* Прилеп, 77-78.
[70] Голубински мислел дека тоа е селото Козјак што се наоѓа на 15-20 км. североисточно од Прилеп, што не е точно. Голубинский Е., (1871), *Краткїй очеркъ исторїи православных церквей болгарской, сербской, румынской, или молдовлашской,* Москва, 63.
[71] Томоски Томо, (1976/78), *Морозвиждска епископија,* Културно наследство, VII, Скопје, 97-98.

Славиште е област која се распространува по долината на Крива Река, почнувајќи од Крива Паланка на исток, па се до познатата клисура што ја образуваат Осоговските планини со Средоречието-на запад. Центарот на областа бил кај селото Опила, во реонот на Иванковци, каде што имало средновековно гратче[72]. Злетово е гратче на истоимената река, а се наоѓа на североисток од Мороздвиз, јужно од манастирот Лесново.

Средновековното Злетово се наоѓало од левата страна на Злетовска Река, на спротивната страна од денешниот истоинем град[73]. Името Луковица од повелбата се однесува на селото Лакавица во Криволакавичката котлина. Горниот тек на реката од селото Брест со селото Конче, бил во составот на Струмичката епархија, а долниот тек на реката од истото село до нејзиното слевање во Брегалница, во Мороздвишката епархија[74]. Областа Пијанец се протегала по средниот тек на Брегалница и на североисток по реката Елешница, во денешна западна Бугарија. Областа, го добила своето име по словенското племе Пијанци. Главен град на областа било Царево Село-денешно Делчево. Околу две третини од таа област денес е во рамките на Македонија, додека останатиот дел е во Бугарија[75]. Областа Малешево, за која зборува повелбата, се наоѓа во горниот тек на реката Брегалница, со гратчињата Берово и Пехчево. Таа епархија била голема и се распространувала од изворот на реката Брегалница на југоисток, до Крива Река на север, по должината на цела денашна источна Македонија. Епархијата го менувала своето седиште кое било освен во Мороздвиз и во Малешево, Злетово, па и во Лесново[76].

---

[72] Исто., 102-103.
[73] Исто., 103; Снегаров Иван, (1924), *История на Охридската архиепископия,* първи том, София, 176.
[74] Томоски Томо, (1976/78), *Морозвиждска епископија,* Културно наследство, VII, Скопје, 99.
[75] Снегаров Иван, (1924), *История на Охридската архиепископия,* първи том, София, 176.
[76] Новаковић Стојан, (1870), *Законик Стефана Душана-цара српског 1349-1354,* Београд, 25.

## 5.2. ЗЛЕТОВСКА ЕПИСКОПИЈА

На Цветници 09.04.1346 година во Соборната црква „Св.Богородица Троеручица“ во Скопје, со учество на охридскиот архиепископ Никола, трновскиот патријарх Симон, Протатот на Св.Гора Атонска, скопскиот митрополит Јован, бројно монаштво и властелини, српскиот архиепископ Јоаникиј бил прогласен за патријарх. Веќа наредната недела, на Велигден 16.04.1346 година, со благослов на охридскиот архиепископ и трновскиот патријарх, од страна на патријархот Јоаникиј, Стефан Душан бил крунисан за цар „на Србите и Грците“. Цариградската патријаршија не зела учество, бидејќи прогласувањето на српската патријаршија и царство се одвивало без благослов на цариградскиот патријарх, што подоцна резултирало со влошување на односите помеѓу двете цркви и екскомуницирањето на српската „црква, царот и народот“ од страна на цариградската патријаршија во 1352 година. До помирување и повторно единство на овие две цркви дошло на Архиерејскиот собор во Цариград во 1375 година[77].

Прогласувањето на српскиот патријарх и цар, директно влијаело врз историјата на Лесновскиот манастир, бидејќи тогаш Јован Оливер, ктиторот на манастирот, од „велики војвода“ ја добива најголемата титула за еден феудалец, а тоа е „деспот“. Една година подоцна, на државниот Собор во Скопје, на кој присуствувале цар Душан, царица Елена, Јован Оливер, патријархот Јоаникиј, охридскиот архиепископ Никола, митрополити, епископи, игумени, монаси и властелини, Лесновскиот манастир од игуменија бил издигнат во седиште на новоформираната Злетовска епископија, како дел од Скопската Митрополија[78]. Поради новата положба, манастирот бил отстапен од светогорскиот манастир Хиландар, чиј метох бил, а царот Стефан Душан издал нова повелба за манастирот со која ги потврдил имотите на манастирот што ги подарил Јован Оливер со повелбата од 1341 година. Териториите на старата Мороздвишка епископија, заедно со селото Мороздвизд, која била долго запуштена и осиромашена, биле присоединети кон новоформираната Злетовска

[77] Д-р. Белчовски Јован, (1997), *Охридската архиепископија од основањето до паѓањето на Македонија под турска власт,* ПБФ „Св. Климент Охридски“, Скопје, 372-385.
[78] Јанковић Марија, (1985), *Епископије и митрополије српске цркве у средњем веку,* Београд, 64.

епископија, при што останале истите граници како на старата епископија[79].

Во оваа повелба се вели дека Јован Оливер ина право да учествува во изборот на епископот, а како ктитор и да предлага нов игумен. Во Лесновската повелба се истакнува и дека епископијата и црквата на Св. Архангели во Лесново не подлежат на никаква промена на положбата, ако ктиторот и неговите наследници извршат предавство кон царот, односно дека во тој случај епископијата останува автономна[80].

Како резултат на прогласувањето и издигањето на Лесновската црква во катедрална, кон неа била доградена припрата, во која бил насликан и нов фрескоживопис. Над постариот натпис од 1341 година, стои друг натпис на старогрчки јазик, во кој се вели дека доградбата и живописот биле завршени во 1349 година, повторно со ктиторство на деспот Јован Ливерис и неговата сопруга Марија Ливерина со синовите Дамјан и Крајко[81].

По основањето на Злетовската епископија во 1347 година, познати ни се само двајца епископи, св. Јован и св. Арсениј. Се препоставува дека св. Јован е првиот злетовски епископ кој бил многу кратко на епископскиот трон, бидејќи веќе во 1353 година во записот на Лесновскиот паренесис, се спомнува епископот св. Арсениј како нарачател на книгата[82]. По св. Арсениј, во XIV век не е веќе познат ниту еден злетовски епископ. Злетовската епископија и манастирот Св. Архангел Михаил во Лесново, по 1353 година, долго време не се спомнуваат. Затоа, за судбината и крајот на Злетовската епископија не можат да се донесат некои посигурни заклучоци. Се претпоставува дека таа престанала да постои некаде во периодот од 1371 до 1381 година, а можеби и нешто порано.

Се препоставува дека наследниците на деспот Јован Оливер, Крајко и Русин, по неговата смрт ги загубиле териториите на својот татко, па не биле веќе моќни да ги заштитат интересите на Лесновскиот манастир, ниту пак можеле да учествуваат во изборот на епископи, со што се создадени услови манастирот повторно да се врати на Хиландар.

---

[79] Алексова Блага, (1967), *Баргала-Брегалница во светлината на новите археолошки истражувања,* Гласник на Институтот за национална историја, Скопје, 18.
[80] Јанковић Марија, (1985), *Епископије и митрополије српске цркве у средњем веку,* Београд, 64.
[81] Габелић Смиљка, (1988), *Манастир Лесново-историја и сликарство,* Београд, 34.
[82] Велев Илија, (2001), *Записи и натписи од Лесновскиот книжевен центар,* Скопје, 18.

Тоа е и направено на 15 август 1381 година, кога тогашниот владетел Константин Дејановиќ со повелба го вратил Лесновскиот манастир во власништво на светогорскиот манастир Хиландар. Причината за враќањето на манастирот како метох на Хиландар, а тоа го потврдила и вдовицата на Оливер, заедно со синовите Крајко и Русин, пред своето упокојување. Константин се уверил во веродостојноста на барањето на игуменот Сава, бидејќи ја имал на увид и Лесновската повелба на цар Стефан Душан[83].

[83]Јанковић Марија, (1985), *Епископије и митрополије српске цркве у средњем веку,* Београд, 69.

## 6. УТВРДЕНИ ГРАДОВИ ПО ТЕКОТ НА БРЕГАЛНИЦА

За состојбата на утврдените населби и градови по текот на Брегалница, во доцноантичкиот период и словендкиот период, во денешната фаза на истраженост не може многу да се каже.

Реката Брегалница од својот извор до утоката на Вардар, на околу 10 км северно од Стоби, всушност ги сече источните области на Република Македонија во правец Исток-Запад. Средниот тек на реката, како што одбележавме, минува низ Кочанската Котлина, додека на север се протега плодното Овче Поле. На југоисток во котлината се вовлекува големата кристалеста маса на Плачковица, додека на исток е планината Голак[84].

Услов за развој на населби по Брегалница претставувале и мошне значајните комуникации. Еден од главните патишта за кој веќе стана збор уште во античкиот период водел од Стоби по Брегалница на североисток кон Сердика. На овој пат се надоврзувале и други патишта кон југозапад и југоисток, така што оваа котлина по Брегалница имала посебно значајни услови за развој на населби[85], од кои добар дел израснале во урбани градски центри со политичко, економско и црковно значење во доцноантичкиот и словенскиот период[86].

Техниката на градењето на тврдините по Брегалница не е изедначено, бидејќи сите фортификации не се од ист временски период, а и поради нивното често рушење и обновување.

Религијата во животот на градовите играла важна улога во сите епохи. Поради тоа таа придонесува за проучувањето на определени заедници. На преодот од раниот во доцниот римски период христијанството како државна вера играло мошне значајна улога, бидејќи епископските градски центри ја претставувале државната власт во Империјата. Христијанството по последните прогони непречено се шири бидејќи станува главен фактор на царската политика. Со Миланскиот Едикт од 313 година, што го издал Константин Велики, христијанството добива можност за непречено ширење. Веќе во 325 година на соборот во Никеја, на кој учествувал и самиот Константин, била воспоставена постојан врска помеѓу

[84] Алексова Блага, (1989), *Епископијата на Брегалница,* Прилеп, 25.
[85] Алексова Блага, (1983), *Баргала и средниот тек на Брегалница,* Гласник ИНИ 3, 85-119.
[86] Исто., 95-113.

црквата и државата, чија реформа се потпира целосно врз Диоклецијановата реорганизација[87]. Во 380 година со Едиктот од Тесалоника е потврдено христијанството како единствена призната вера во Царството. Откако за време на Теодосиј станува државна вера, христијанството се идентификува со државата[88].

Така христијанството станува градска религија наспроти паганството, а епископот претставува врховен авторитет на доцноантичкиот civitas[89]. Христијанството ќе има пресудна улога во реорганизацијата и формирањето на нови урбани целини, потпирајќи се на старото уредување на градот.

## 6.1. ГРАДОТ БАРГАЛА. ГОРЕН КОЗЈАК

Според соопштувањата на Хиерокле, во провинцијата Македонија II Салутарис, во областите источно од реката Вардар, се наоѓале градовите Баргала, Келенидин, Армонија и Запара. Античкиот град Баргала е познат и од актите на Халкидонскиот собор од 451 година а посведочен е и на еден пронајден натпис од 371 година, кој претставува спомен плоча за подигањето на градската порта. Според натписот овој град во 371 година се наоѓал во Средоземна Дакија, а подоцна, според Хиероклевиот Синекдем и припаѓа на Македонија Салутарис. Името на градот е трачко. Градот претставувал помала пајонска населба од царско време.

Цивилната населба на доцноантичкиот град Баргала, расположен крај самата Козјачка Река, израснал во силен црковен и културен центар по средниот тек на Брегалница во IV-V век. Градот формира правоаголен трапезоиден простор крај реката, со високи ѕидови и кули и со двоен главен влез, со издадена проекција од линијата на ѕидот што ја претставува репрезентативната главна порта на градот, порта principalis, чиј покрив го носеле арки. Според распоредот на влезовите по должината на градот одела главната улица- via principalis. Дефанзивната улога на градот

[87] Hoddinott R. F., (1975), *Bulgaria in Antiquity,* New York, 340; Sieben J., (1979), *Die Konzilsidee der Alten Kirche, Konzilien Geschichte,* Wien-Zürich, 445.
[88] Hoddinott R. F., (1975), *Bulgaria in Antiquity,* New York, 234.
[89] Suić M., (1976), *Antički grad na istočnom Jadranu,* Zagreb, 234.

Баргала е доста нагласена поради што градот станал истовремено castrum и civitas. Градот е бранет со повеќе утврдувања и кули.

Со археолошките истражувања што се изведени во овој град од 1966-1986 година е откриен старохристијанскиот комплекс со репрезентативна старохристијанска базилика од IV-V век и подоцнежни обнови и ремоделирања. Потоа комплексот на баптистериумот, градската цистерна, епископската резиденција, станбениот комплекс и consignatoriumot крај базиликата. Откриена е extra muros базилика и констатирани повеќе црковни градби надвор од градот.

Градот Баргала се наоѓал на еден од главните правци на варварските продори кон Тесалоника, што доаѓале по Морава и Тимок. Градот бил нападнат од Словените и Аварите околу 585 година и во поголем дел разурнат. Хронологијата на собитијата ги потврдуваат нумизматичките наоди од гробната целина со монети од Фока сокриени покрај базиликата.

Градот не останал незасегнат во борбите за освојување на Тесалоника од страна на Аварите и Словените во 616 или 617 година (Miracula II, 2, 170).

Баргала од релативно мала пајонска населба израснува во организиран и напреден град во античкиот период и најпосле во доцноантичко време во силен црковен центар и едно од епископските седишта по средниот тек на Брегалница.

Баргала била еден од влијателните градови веќе во IV век за да постигне кулминација во својот развој во текот на Јустинијановата епоха.

Градот настрадал од аваро-словенските инвазии, меѓутоа, тој е брзо населен од словенските племиња, кои оставаат мошне видни траги од своето живеење во самиот град и неговата блиска околина[90].

[90] Алексова Блага, (1995), *Култ на мартирите во Македонија од IV до IX век,* Скопје, 131.

## 6.2. КАЛАТА, МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

На 4 километри јужно од Македонска Каменица, на утоката на реката Каменица во Брегалница, се наоѓа брегот Калата со остатоци од доцноантички град. Брегот е заштитен од три страни со стрмни падини и со двете длабоко засечени корита на реките. На самиот брег се наоѓа зарамнето плато до кое постоел пристап само од северната страна. Таа страна е пресечена со одбранбен ров издлабен во карпата. Од обете страни на ровот е изграден по еден ѕид. Одбранбените ѕидови водат околу работ на целото плато и затвораат неправилна површина од 345 x 80 метри. Се распознаваат контури на три градски порти и на повеќе градби. На југоисточната страна се наоѓа подградието заштитено со големите кривини на реката[91].

На околу 400 метри западно од составот на двете реки, во тесната клисура на Брегалница, на десниот брег има плато на кое во 1968-69 година се откриени остатоци од една трикорабна базилика со нартекс. Објектот е датиран во V-VI век[92].

На месноста Керамидница откриена е еднокорабна црквена градба со нартекс, датирана во V-VI век[93]. Градот и неговата околина биле населени од Словените. На тоа укажуваат трагите од некрополите и другите материјални остатоци од словенскиот период.

## 6.3. ГРАДИШТЕ, МОРОДВИЗ

Погоре од денешното село Мородвиз се наоѓа брегот Градиште со остатоци од доцноантичка тврдина. На самиот брег се наоѓа зарамнето плато опкружено со ѕидови и кули изградени со камен и малтер. Во самиот град има остатоци од повеќе архитектонски објекти, меѓу кои една крстовидна црква и цистерна. Во 1970 година се констатирани површински наоди од праисториска, доцноантичка и словенска керамика, римски и византиски монети откриени во гробовите крај крстовидната црква. Градот и

---

[91] Микулчиќ И., (1977), *Две ранохришћанске цркве код Македонске Каменице,* Старинар 27, 183-184.
[92] Исто., 184-187.
[93] Исто., 187-189.

неговата околина биле населени од словените. На ова укажуваат досега откриените остатоци од материјалната култура. Мородвиз, според Василиевата повелба од 1019 година бил епископско седиште. Тоа станало по пропаѓањето на Самоиловата црковна организација[94].

## 6.4. КАЛЕ, ВИНИЦА

Јужно од градот Виница на доминантниот брег на Плачковица се наоѓа зарамнето плато со остатоци од една доцноантичка тврдина. Брегот е заштитен од три страни со стрмни падини. До неговото зарамнето плато постоел пристап само од неговата западна страна.. Одбранбените ѕидови водат околу работ на целото плато и затвораат неправилна површина со големи димензии. Градот имал мошне стратегиска положба во овој дел на Брегалница.

На платото има остатоци од повеќе архитектонски објекти. Со досегашните истражувања е откриен дел од бедемите на градот, кои кои укажуваат на повеќе градежни фази. Откриен е поголем број на градежни тули со релјефни претстави од Стариот и Новиот завет на кои има латински натписи. Досегашните истражувања укажуваат дека овој доцноантички град бил населен од Словените[95].

Во месноста Горица, северозападно од Виница, во 1986 година е откриена црковна градба која, според својот општ план, му припаѓа на типот базилики со три кораба. Базиликата на источната страна завршува со полукружна апсида а на запад со нартекс чии странични компартименти што претставувале пастофории не се сочувани. Овој објекта на Горица претставува скромна базиликална градба наменета за една христијанска заедница од тој крај[96].

---

94 Трајковски К., (1983), *Истражувања во Мородвиз,* Зборник АМ, X-XI, 142.
95 Алексова Блага, (1989), *Епископијата на Брегалница,* Прилеп, 35.
96 Алексова Блага, (1995), *Култ на мартирите во Македонија од IV до IX век,* Скопје, 152.

### 6.5. КАЛЕ, КРУПИШТЕ

Недалеку од утоката на Злетовска Река во Брегалница, северно од Крупиште, на месноста Кале се наоѓаат остатоците на еден утврден антички и средновековен град. Утврдената градска населба била расположена на магистралниот пат што водел од Стоби по Брегалница на североисток кон Пауталија и Сердика. Градот зафаќал голем простор во рамното Овче Поле крај Брегалница.

Градот бил урбанизиран. На просторот од патот за Кочани кон север се протега insula со повеќе профани и црковни градби од раниот словенски период, во кои наоѓаме сполии од антички и ранохристијански објекти. Античките некрополи се наоѓаат на источната и јужната страна во рамницата, додека словенските гробишта се крај црквата Св. Никола, крај крстовидната црква на кале и крај црквите на Злетовска река.

Во утврдениот простор на Кале се откриени остатоци од бронзенодопска керамика, античка архитектонска пластика од бел мермер, надгробни римдки споменици, саркофаг и доцноантичка и словенска керамика. Од многуте констатирани градби е откриена една крстовидна црква од ранохристијанскиот период обновена во раниот словенски среден век, со словенска пространа некропола[97]. Откриени се источните партии на катедралната црква со Martyrium од раниот словенски период на IX-X век и констатирани траги од јавни репрезентативни градби кај неа.

Досегашните резултати од истражувањата укажуваат дека на овој простор се наоѓала едан бронзенодопска населба, а потоа се развил еден антички град. Се мисли дека тоа би можело да биде една од станиците одбележана на Tabulata и тоа Астибо на истоимената река Астибос. Во доцноантичкиот град се откриени повеќе култни градби од типот на Martyrium-и[98].

Градот претставувал голем castrum, истовремено и civitas во просторната рамница. Овде од средината на IX и во почетокот на X век е формирана првата словенска црковна организација во Македонија, е

[97] Алексова Блага, (1983), *Крупиште, Штипско, Археолошки истражувања,* Зборник АМ 10-11, 85-100.
[98] Исто., 85-100.

организирана Епископијата на Брегалница[99], чиј катедрален храм со култната црква – Martyrium е откриена во месноста Кале.

За прв пат името Крупиште за градот на Брегалница го среќаваме во 1355 година каде што Стефан Душан го одржал државниот собор[100]. Во еден пописен дефтер од 1573 година се споменува с. Крупиште со 77 христијански и 1 муслиманско семејство[101]. Подоцна градот станува турски беговски чифлик.

## 6.6. ЦРКВИШТЕ, СОКОЛАРЦИ

Во 1970 година се констатирани остатоци од доцноантичка и словенска утврдена населба со ѕидови широки и до 2,00 метри. Близу до потокот на западната страна од месноста наречена Црквиште се откриени остатоци од мозаичен под, изведен со бели и сиви мермерни плочки, што припаѓал на една ранохристијанска црковна градба. На површината од градиштето има остатоци од ѕидови, гредежен материјал и населбинска доцноантичка керамика. Според површинските наоди, градежниот материјал и многуте сполии однесени од овој простор и вградени во денешната црква, оваа населба била обновена од Словените[102].

## 6.7. БАЛВАНСКИ РИД, БАЛВАН

На траги од едно утврдување во Д. Балван укажуваат многу обработени камени блокови разнесени по селските куќи во соседните населени места. Тврдината била населена од Словените кои и дале печат со обележување со знаци на градежниот материјал[103].

---

[99] Теофилакт, (1931), *Мъченичеството на светите славни 15 свештеномаченици пострадали во Тивериопол,* Сборник БАН, XXVII, София, 264.
[100] Радојчиħ Н., (1940), *Српски државни сабори, у средњем веку,* СКА, књ. 54, Београд, 141-145.
[101] Соколоски М., (1974), *Штип и штипско во текот ва XVI век*, Историја X, 2, 125,146.
[102] Алексова Блага, (1989), *Епископијата на Брегалница,* Прилеп, 37.
[103] Алексова Блага, (1989), *Епископијата на Брегалница,* Прилеп, 37.

## 6.8. ИСАР КАЛЕ, ШТИП

Едно од големите утврдувања од доцноантичкиот и словенскиот период претставуваат остатоците од ѕидови и кули на високит брег над денешниот Штип. Ѕидовите на оваа тврдина се зачувани на места и до 3.00 метри висина[104]. На површината на платото Д. Вучковиќ-Тодоровиќ во шеесетите години има откриено остатоци од хеленистичка керамика. З. Белдедовски во текот на изведените мали сондажни истражувања во 1979 година има откриено доцноантичка и словенска керамика. Овој утврден град играл мошне значајна улога во заштитата на магистралниот пат по Брегалница уште во античкиот период и подоцна во словенскиот среден век[105].

## 6.9. ЕЖОВ ГРАД, ЕРЏЕЛИЈА

На околу 8 километри источно од Штип, на месноста Ежово, има остатоци од едно доцноантичко утврдување, во чие подножје на доста широк простор во денешните лозја имаме констатирано остатоци од архитектонски објекти, многу градежен материјал, архитектонска пластика и доцноантичка керамика. За ова утврдување во науката се врзани препоставките за убикација на градот Астибо[106], што се смета дека не е засновано на цврсти материјални остатоци. Самата тврдина и карактерот на населбата укажуваат само на еден утврден пункт по главниот пат, а никако на утврдена населба од градски карактер.

[104] Јовановиђ М., (1961), *Две средновековни тврдини во Источна Македонија,* Зборник II, Штип, 103-105.
[105] Алексова Блага, (1989), *Епископијата на Брегалница,* Прилеп, 37.
[106] Папазоглу Ф., (1957), *Македонски градови у римско доба,* Скопје, бел 64, 244-245.

## 6.10. ХИСАР, ЦРЕШЧЕ

На околу 2,00 километри југозападно од Црешка, опкружен од три страни со Брегалница, се наоѓа брегот Хисар кој е достапен само од источната страна. Тврдината Хисар има четвртеста основа, со стрмни страни и зарамнет брег, таа претставува доцноантички опидум со наоди IV-VI век. Се претпоставува дека овде постоела една постара пајонска населба.

Средновековниот град Црешче бил изграден врз доцноантичките урнатини на источниот дел на Горниот Град. Градот служел како воено упориште и средиште на населението од околниот сточарски регион.[107]
Овде споменатите утврдени градови, каструми, кули и стражарски пунктови, бездруго, не се единствени по Брегалница. Поголем број од нив претставуваат стари пајонски населби врз кои се развиле античките градови и утврдените населби. Уште еднаш треба да подвлечеме дека градот Баргала и Големиот Град кај Крупиште, античкиот Астибо заземале централно место по средниот тек на Брегалница, а другите кастели, кули и стражи биле распоредени покрај главниот пат што водел по Брегалница[108].

# 7. КРСТОВИДНИ ЦРКВИ ПО БРЕГАЛНИЦА

Крајот на IX и почетокот на X век во Македонија се одбележани со засилена градителска дејност од сакрален карактер. Како карактеристично обележје за овој период е изградбата и обновата на голем број црковни градби, од кои повеќето претставуваат култни градби – Martyrium-и. По Брегалница се откриени неколку црквени градби од овој карактер, кои подоцна добиле цеметријална и фунерална функција и околу нив се оформиле пространите некрополи. Откриените цркви по Брегалница претставуваат објекти од типот впишан или слободен крст во различни варијанти. Тие во поголем број се изградени врз стари ранохристијански објекти во текот на IX – X век[109].

---

[107] Микулиќ И., (1987), *Градот Црешче,* Зборник ФФК, 14 (40), 149-161.
[108] Алексова Блага, (1989), *Епископијата на Брегалница,* Прилеп, 38.
[109] Алексова Блага, (1989), *Епископијата на Брегалница,* Прилеп, 145.

## 7.1. ЦРКВАТА СВ. ЃОРЃИ ВО ГОРЕН КОЗЈАК

Објектот е подигнат покрај југоисточната кула на тврдината Баргала. Според планот претставува впишан крст во квадратна основа, со трапезоидна апсида и предапсидно пространство. На северниот и јужниот ѕид има високи прозорци-бифори, над кои се наоѓа по еден кружен окулус. Низ трибелон се влегува од нартексот во наосот. Во јужното крило на наосот се наоѓа правоаголна гробница изградена истовремено со црквата или црквата ја инкорпорирала постарат гробница во својот план. До јужната страна на нартексот има четвртеста просторија, покриена со купола, изградена до црквата.

Должината на црквата со апсидата изнесува 12,70 метри, а ширината на централниот дел, што претставува правилен квадрат 4,80 метри. Дебелината на ѕидовите е 0,80 метри. Црквата е градена од речен камен и сполии од урнатините на градот.

Во црквата има задржано живопис во три сукцесивни слоја[110]. Најстариот слој претставува рамно измазнет малтер. Задржан е на повеќе места, освен во горните зони на црквата. Од овој слој е задржана полуфигура на млад светител во нишата на ѓакониконот во југоисточниот столбец. Од втората фаза е задржана фреската на Христос Антифонитис-Гуарантор, која Ц. Манго ја датира едвај пред XIII век[111]. Само во третата фаза целата црква е живописана со потполно вообичаен сликарски програм.

Планот на црквата укажува дека таа е изградена според старата традиција како цеметријален објект.

Досегашните истражувања на овој објект укажуваат дека храмот е подигнат во големата градежна кампања по Брегалница за време на покрстувањето на Словените, времето кога е обновена тврдината на градот Баргала. Целокупната археолошка евиденција од истражувањата укажува дека црквата Св. Ѓорѓи е подигната при крајот на IX и во почетокот на X век[112].

---

[110] Расолкоска-Николовска З., (1970), *Црквата Св. Ѓорѓи во Г. Козјак,* Симпозиум 1100 години од смртта на К. Солунски I,, МАНУ, 219-226.
[111] Mango C., (1959), *The Brazen House,* Copenhagen, 142.
[112] Алексова Блага, (1989), *Епископијата на Брегалница,* Прилеп, 148.

## 7.2. КРСТОВИДНАТА ЦРКВА ВО МОРОДВИЗ

На еден издаден брег на Плачковица над селото Мородвиз, некогашното седиште на средновековната Мородвишка епископија[113], се наоѓаат остатоци од доцноантичка тврдина опкружена со ѕидови и кули, која припаѓа на одбранбениот систем по Брегалница, како што веќе напред е нагласено.

Крстовидната црква во разурнатиот град, над Мородвиз, заземала централно место. На површината на градиштето има остатоци од архитектонски објекти од кои се надзираат две поголеми цистерни. Црквата што ни е позната според планот на Ст. Михајлов се наоѓала во урнатини зачувани и до 2 метри височина до крајот на шеесетите години, кога врз старите темели е подигната нова црква во чиј архитектонски план е вклопена старата делумно зачувана апсида.

Црквата од Мородвиз е од типот впишан крст во квадрат и со нартекс. Објектот е долг 10,50 метри, заедно со апсидата, а широк 8,20 метри, со дебелина на ѕидовите од 0,75 метри. Четири големи арки ја носеле куполата, решение што го наоѓаме и кај црквата Св. Ѓорѓи крај Баргала. Куполата над квадратниот простор била поставена над пандантифи. Од северната и јужната страна се наоѓал по еден единечен прозорец. Апсидата однатре е полукружна, а однадвор полигонална. Ѕидовите на предапсидалното пространство влегуваат во ѕидовите на апсидата.

Западното рамо на крстот влегува во нартексот и од северната и јужната страна, покрај кракот на крстот, се оформува по еден мал простор, од кои северниот подоцна е затворен ѕид. Нартексот на црквата претставува стандарден тип на притвор со влез од западната страна. Околу црквата се прекопани повеќе гробови во кои се најдени византиски монети, скифати.

Интересно е да се одбележи, дека варијантата на крстовидната црква од Мородвиз е во голем број застапена во Македонија, Србија и Бугарија. Ова укажува на поголема тајфа градители што го распространиле овој план на Балканот.

---

[113] Томоски Томо, (1976/78), *Морозвиждска епископија,* Културно наследство, VII, Скопје, 83-116.

Црквата во Муродвиз е урбан објект сместен во средината на градот. Се смета дека претставува обновена постара ранохристијанска црква во текот на IX-X век[114].

## 7.3. ЦРКВАТА КАЈ ЖИГАНЦИ

Објектот се наоѓа северно од селото Жиганци крај Злетовска Река[115]. Црквата е од типот слободен крст, долга 9 метри, широка 6,50 метри, со ѕидови дебели 0,85 метри. Градена е од камен, тули и сполии од постар црковен објект. Во народот е позната како Тулена црква.

Издолжената апсида е полукружна однатре и однадвор. Црквата имала купола што го покривала правоаголниот простор. Влезовите се наоѓале на западната и јужната страна. Според општиот план аналогна е со црквита во Бобошево и во Сапарева Бања кај Ќустендил. Изградена е како цеметријален објект врз постара црковна градба. Структурата на ѕидовите нема чист градежан стил, бидејќи објектот е изграден од камени блокови и сполии од постариот црковен објект. Голем број од камените блокови носат врежани загадочни знаци, графити и глаголски букви. Црквата претставува еден од објектите во јурисдикционата област на Епископијата на Брегалница, подигнат во текот на IX-X век[116]

[114] Алексова Блага, (1989), *Епископијата на Брегалница,* Прилеп, 150.
[115] Алексова Блага, (1983), *Баргала и средниот тек на Брегалница,* Гласник ИНИ 3, 116.
[116] Алексова Блага, (1989), *Епископијата на Брегалница,* Прилеп, 150.

## 7.4. ЦРКВАТА ВО ТЕРАНЦИ

Претставува објект од слободен крст со полукружна апсида од внатрешната и надворешната страна[117]. Подигната е на една зарамнета тераса. Околу неа се наоѓаат гробишта. Нејзините скромни размери укажуваат дека се работи за гробишна црква со фунерална функција, бездруго подигната како и другите цркви во регионот во текот на IX-X век.

Крстовидните цркви во Крупиште напред опширно разгледани и црквите од истиот тип овде презентирани се дело на раното црковно словенско градителство по Брегалница.Поголем број од овие црковни градби се изградени врз стари ранохристијански или византиски храмови. Развитокот на крстовидниот тип цркви во словенскиот период се темели врз старите ранохристијански и византиски традиции во кои се осеќаат источните сириски, палестински и малоазиски влијанија.

Тие се наоѓаат внатре во градовите или надвор од бедемите на утврдувањата. Подигнати се како култни градби или како цеметријални објекти. Археолошката евиденција, наодите и одбележувањето на градежниот материјал со загадочните знаци, крстови и глаголски букви укажуваат на времето на нивната изградба. Во времето од средината на IX и почетокот на X век во цела Македонија, а посебно по текот на Брегалница се чувствува жива градежна активност, која го одбележува времето на основањето на Епископијата на Брегалница, интензивното покрстување и ширењето на писменоста меѓу Словените во Македонија[118].

---

[117] Окуњев Н.Л., (1925), *Крстовидне цркве у Јужној Србији,* Народна Старина IV, Загреб, 275-306.

[118] Алексова Блага, (1989), *Епископијата на Брегалница,* Прилеп, 150.

## 8. БРЕГАЛНИЧКАТА МИСИЈА

Мислењата и претпоставките за мисионерско-просветната дејност на Константин Кирил Филозоф и Методиј по текот на Брегалница во науката се спорни. Тоа произлегува од неусогласеноста на податоците во литературните извори. Житијата на двајцата просветители не даваат податоци за таквата дејност. Доста подоцнежните словенски и грчки извори укажуваат на Константин Кирил и Методиј како на први просветители што го рашириле христијанството меѓу Словените по Брегалница. Постојат разидувања во однос на определувањето на личноста на Кирил, како и на времето во кое тој дејствувал, поради што за мисијата на Константин Филозоф во науката постојат големи дискусии помеѓу учените[119].

Меѓу најзначајните извори е Краткото житие на Кирил  или Успение Кирилово. Во него се зборува дека првата негова книжевна дејност меѓу Словените започнала на Брегалница. Тогаш покрстил и превел во христијанска вера 54.000 Словени и им напишал книги на словенски јазик. Според Ј. Иванов, тој број изнесувал 51.000[120].

Во Проложното житие на Кирил се споменува дека Моравската мисија претходела на оваа дејност[121], додека Проложното житие на Методиј укажува дека по Хазарската мисија бил баран за учител и наставник[122].

Солунската легенда, и покрај легендарните податоци во форма на кратко автобиографско раскажување, дава мошне значајни податоци во врска со Брегалничката мисија. За овој споменик некои учени тврдат дека потекнува од XI-XII век[123], додека други претполагаат дека е од XIV век[124].

Во Тиквешкиот препис стои дека Кирил дошол во градот Равен на реката Брегалница и им напишал 32 букви и ги превел во православна христијанска вера[125]. Во Трновскиот препис се вели дека дошол во град

---

[119] За мисионерската дејност на Константин Кирил Филозоф на Брегалница во науката постои големо интересирање уште од средината на XIX век па се до денес.
[120] Теодоров-Балан Ал., (1934), *Кирил и Методий 2,* София, 116.
[121] Исто., 35.
[122] Исто., 38.
[123] Ангелов Б., (1984), За два преписа на *„Солунската Легенда“,* Кирило Методиевски студии I, БАН, София, 10.
[124] Исто., 10.
[125] Иванов Ј., (1970), *Български старини из Македония,* София, 281-283.

Равен рикомеи Брегалница[126]и во Белополскиот препис во градот Равен нарицаеми Брегалница[127].

Во сите преписи на Солунската легенда градот Равен е спомнат на реката Брегалница. Со ова е определена неговата поблиска местоположба на самата река Брегалница, бидејќи тој е идентификуван со самата река.

Подоцна Теофилакт јасно не известува за пренесувањето на моштите на Петнаесетте тивериополски струмички маченици во *„Епископијата на Брегалница“,* споменувајќи го градот без означување на неговото име.

А. Куник уште во 1864 година се прашува дали градот Равен околу 855 година не е епархискиот град на Брегалница, на кој подосна му е укажано исто уважување[128]. На Балканскиот Полуостров е чест случај областите да го носат името на реките, што се пренесува и на титулирањето на епископските епархии.

Во двата подоцнежни извора, Моравската легенда од XIV век, и Чешката легенда од XIII век, се зборува дека Кирил покрстувал Словени пред заминувањето во Великоморавија[129].

Дукљанската хроника дава податоци во кои се зборува за покрстување на Словени по Хазарската мисија од страна на Кирил[130] .

Во пространото житие на Климент и во краткото житие на Климент се зборува за просветната дејност, за создавањето на азбуката и книги на словенски јазик од словенските просветители и нивните ученици[131]. Се претполага дека известувањата за непосредна просветна дејност на Кирил и Методиј меѓу Словените во источните области на нашава земја се темелат врз старата традиција, која означува вистински настани. Оваа традиција се одржала низ целиот среден век, за што сведочи

---

[126] Исто., 281-283.
[127] За откриениот Белополски ракопис од манастирот Никољац: Мошин, Никољац, 697, 698. Ракописот го датира од крајот на XV век.
Иванов И., (1905), *Епископиите Брегалнишка, и Велбуждска през средните векове,* Годишник на Соф. Унив., 74-83. Градот Равен што е спомнат во Долунската легенда го бара кај с. Тработивиште, во горниот тек на Брегалница во месноста Рамне, според Б. Стојчевски, Рамниште. На повеќе места во Македонија има месности со идентични имиња.
[128] Куник А., (1864), *О материалах дла истоии Болг. Церкви,* Записки Импер. Акад, Наук, т. V, кн. 2, Ст. Петербург, 255.
[129] Теодоров-Балан Ал., (1934), *Кирил и Методий 2,* София, 203-208.
[130] Грашева, ЕКМ, *Брегалнишка мисија,* 239.
[131] Милев А., (1966), *Грчките жития на Климент Охридски,* София, 78-79.

монографијата на И. С. Асемани за Кирил и Методиј од 1755 година[132]. За одржувањето на оваа традиција придонело и назначувањето на Методиј за управител на Словенското кнежество во Македонија[133].

[132] Грашева, ЕКМ, *Брегалнишка мисија,* 240.
[133] Панов Б., (1963), *Карактерот на дејноста на браќата Кирил и Методија во Македонија,* Просв. Дело, 19, 375-388.

## 9. НАЈНОВИТЕ СОСТОЈБИ ВО БРЕГАЛНИЧКАТА ЕПАРХИЈА

Најновите архиерејски промени во Брегалничката епархија настанаа кон крајот на 2006 година. По хиротонијата на архимандритот Иларион за епископ, тој го презема кормилото на оваа доста значајна епархија на МПЦ, а митрополитот Агатангел повторно се враќа на чело на Повардарската епархија.

**Неговото Високопреосвештенство-митрополитот Иларион Брегалнички** (Ивица Серафимовски) е роден на 13. I. 1973 година во Куманово. Основно образование завршил во родниот град. Петогодишното школување го продолжил (1989) во средното богословско училиште „Св. Климент Охридски“ во Драчево, а Православен богословски факултет завршил во Скопје. На 9 октомври 1994 година бил потстрижен за монах, а на 10 октомври истата година ракоположен за јерођакон во манастирот „Св. Наум Охридски“ на брегот на Охридското Езеро. Тука престојувал цела година. Во 1995 година, заедно со сегашниот архимандрит Партениј (Фидановски) како првомонаси го возобновиле манастирот „Св. Јован Бигорски“. Во овој манастир бил ракоположен за јеромонах (11. IX. 1996). Од 21 јуни 1997 година заминал во Брегалничката епархија во манастирот „Св. Гаврил Лесновски“ и станал старешина на манстирот.




Неговото високопреосвештенство митрополит Брегалнички
г. ИЛАРИОН
His Eminence Metropolitan Hilarion Bregalnitsa gentleman

На 28 јануари 1998 година бил произведен во чин игумен на Лесновскиот манастир, а на 7 април 2003 година во соборниот храм „Св. Никола“ во Штип бил произведен за архимандрит. Покажува посебен интерес за монашкиот живот. Тука основал монашко братство и константна богослужба во манастирот, како што се пропишани во правилата на МПЦ. Констатацијата подразбира богослужба со целото монаштво во неделите и празничните денови и богослужба секој ден, дури и во ноќните часови, негување на старото македонско црковно пеење; работење на имотот на манастирот од секаква пророда и друго.. Тоа значи, архимандритот Иларион, заедно со своето монашко братство покажува забележителни резултати во ревитализацијата на манастирскиот комплекс, а кој се состои во возобновување на неговиот сјај, како на стар духовен и културно-просветен центар. Во таа смисла, архимандритот Иларион направи забележителни резултати околу возобновување на манастирската економија, денационализацијата на манастирскиот имот и слично. Тргнувајќи од од постигнатите забележителни резултати и од потребата за нови македонски владици, САС на МПЦ, по предлог на епархискиот митрополит Неговото Високопреосвештенство митрополитот г. Агатангел, на 22 јуни 2005 година го избра архимандритот Иларион за епископ-старешина на Брегалничката епархија. На 19. IX. 2006 година во соборниот храм „Св. Никола“ во Штип на божествената литургија со која началствуваше поглаварот на МПЦ, Неговото Блаженство архиепископот Охридски и Македонски г.г. Стефан, во сослужение на митрополитите: Полошко-кумановски г. Кирил; Дебарско-кичевскиот митрополит г. Тимотеј; Повардарскиот митрополит г. Агатангел; епископот Хераклиски г. Климент и востоличен епископот Баргалски Иларион за митрополит на Брегалничката епархија.

Издавачката дејност во Епархијата е прилично развиена. Се јавуваат бројни црковно-канонски публикации. Брегалничката епархија го издава списанието „Троичник“, кој излегува од печат три пати годишно.

Брегалничката епархија е поделена на четири архиерејски намесништва, а овие пак на повеќе парохии. Во кратки црти ќе ги проследиме спомнативе најнови црковни промени во брегалничката епархија[134].

## 9.1. Штипското архиерејско намесништво

Архиерејски намесник на ова Намесништво е свештеникот Николче Георгиев. Ова најголемо Намесништво во Епархијата ги опфаќа градовите: Штип, Пробиштип, Злетово и Свети Николе. Намесништвото е поделено на повеќе парохии.

Градот Штип со околината ги опфаќа следниве парохии и храмови:

Во ***Првата Штипска парохија*** најзначаен е храмот „Св. Никола“, кој е седиште на намесникот и на парохијата. Како ранохристијански храм, на местото на старата Сифиева црква е возобновена црквата „Св. Никола“ во далечната 1341[135]. Врз старите темели делумно оштетената црква во турско - османскиот период е возобновена уште еднаш во 1867



Храм Св. Никола, Штип

Temple St.. Nicholas Stip

[134] Трајановски Александар, (2008), *Возобнување на Охридската Архиепископија како Македонска Православна Црква и нејзиниот шематизам,* Скопје, 345.

[135] На храмот работел прото-мајсторот градител Ѓорѓи Новаков-Џонгар. Големиот иконостас со иконите се дело на познатиот Димитрија Андонов-Папрадишки (1869), а фрескоживописот во олтарот е дело на зографот Константин Иванов Вангелов од Штип.

година. Во изградба на црквата доста помогнале имотните штипски занаетчии и трговци. Храмот е познат со силниот отпор што штипјаните го дале во 1869 година против омрзнатиот фанариотски грчки владика Игнатиј[136]. Храмот „Св. Архангел Михаил“ е подигнат во XI век од војсководецот хрела. Во 1334 година царот Стефан Душан храмот го приложил како метох на манастирот Хиландар на Света Гора Атонска[137]. Поради поврзаноста на манастирот Хиландар оваа црква среде штипјаните и денес е позната под грчкиот назив „Фитија“[138].

Седиштето на ***Втората Штипска парохија*** се наоѓа во храмот „Св. Илија“ во Штип. Третата Штипска парохија моментално е во мирување.

Седиштето на ***Четвртата Штипска парохија*** се наоѓа во црквата „Успение на Пресвета Богородица“ во Ново Село. Овој познат храм е изграден на темелите на постара црква. Во натписот што е испишан на надворешната јужна врата на храмот стои дека тој е возобновен во 1850 година. Тој бил граден цели 15 години од познатиот прото-мајстор Андреја Дамјанов (1778-1813) од родот на Рензовци. Во 1869 година тука верниците од оваа црква го обвиткале владичкиот трон со црна лента со што го искажале своето незадоволство против патријаршискиот грчки владика Игнатиј[139]. Тука во крајот на XIX век престојувал, учителствувал во Новоселското училиште, дејствувал и ја криел по црковните долапи својата революционерна литература апостолот на македонското национално-ослободително и револуционерно движење Гоце Делчев. Во оваа позната црква своите најпрви духовни поуки ги примил упокоениот наш архиепископ Михаил[140]. Црквата „Вознесение Христово“ била изградена во 1396 година од некој тогашен војвода Димитар, кој дал средства за градење и фреско-живопис на црквата. Во припратата на оваа црква стои натпис во кој е запишано дека во 1601 година живописот е возобновен од ктиторот Павле во времето на епископот Рувим и свештеникот Дојко. Друга доста значајна и

---

[136] Трајановски Александар, (1988), *Црковно-училишните општини во Македонија,* ИНИ-Скопје, 206.
[137] Види поопширно кај: Коста Балабанов, Антонио Николовски и Димитар Ќорнаков, (1980), *Споменици на културата на Македонија,* Скопје, 118.
[138] Димевски Славко, (1989), *Историја на македонската православна црква,* Скопје, 82.
[139] Трајановски Александар, (1988), *Црковно-училишните општини во Македонија,* ИНИ-Скопје, 206.
[140] Михаил архиепископ Охридски и Македонски, (1996), *Нашето свето православие,* Скопје, 210.

стара црква „Св. Јован Крстител“ во Ново Село била изградена во 1350 година од властелинот Јован. Таа по својата градба е еднокорабна, бескуполна црква, во чиј што западен влез е насликан ликот на нејзиниот патрон. Во близина на градските гробишта е изградена црквата „Св. Троица“, која припаѓа кон оваа парохија. Таа меѓу верниците е именувана како „Чепреганова црква“, затоа што е тесно поврзана со познатото штипско семејство на Чепреганови, кои како ктитори учествувале во изградбата на храмот.

Седиштето на ***Петтата Штипска парохија*** се наоѓа во црквата „Св. Климент Охридски“ во познатата населба Сењак. ***Шестата Штипска парохија*** е сместена во црквата „Св. Кирил и Методиј“ во т. н. населба Баби. Засега Седмата и Осмата Штипска парохија наоѓаат во мирување.

Во ***Приградската Штипска парохија*** гравитираат следните храмови: „Св. Илија“ и „Св. Симеон-Столпник“ и двете во селото Долани; „Св. Јован Крстител“ и „Св. Петка“ во село Љуботен; црквата „Св. Атанасиј“ и манастирот „Св. Пантелејмон“ во село Брест; црквата „Св.Ѓорѓи“ во село Лесковица; црквата „Св. Теодор Стратилат“ и манастирот „Св. Богородица“ во селото Пиперево. Во оваа парохија спаѓаат и селата: Чифлик, Драгоево, Пухче, Софилари, Суво Грло, Горачино, Танатарци, Шопур и Населје, кои немаат свои цркви.

Седиштето во ***Горно-балванската парохија*** се наоѓа во црквата „Св. Никола“ во село Крупиште. Таа се наоѓа на излезот на селото. На западната страна на црквата се наоѓа натпис, во кој е запишано дека црквата е изградена во 1625 година за време на епископот Макариј. Во истиот натпис се спомнува и зографот Исаија Деберли, што ја фрескоживописал црквата во 1627 година.

Други храмови во парохијата се: црквата „Св. Јован Крстител“ во село Горен Балван, црквата „Св. Илија“ во село Три Чешми, црквата „Св. Петка“ во село Сарчиево, црквата „Св. Никола“ во село Горно Трогерци и храмовите: „Св. Никола“, параклисот „Св. Илија“, параклисот „Св. Димитриј“, црквата „Св. Кирил и Методиј“, сите во село Судик. Во парохијата гравитираат селата: Криви Дол, Батајне, Сушево и Добрешани кои немаат храмови.

Седиштето на ***Карбинската парохија*** се наоѓа во црквата „Вознесение Христово“ во село Карбинци. Други храмови во парохијата се: црквата „Св. Димитриј“ во село Таринци, манастирот „Св. Петка“ во село Калузија, црквата „Св. Петка“ во село Кошево, манастирот „Св. Ѓорѓи“ во село Козјак, црквата „Св. Кирил и Методиј“ во село Радање и црквата „Св. Илија“ во село Аргулица.

Во Пробиштип активно работат четири парохии и тоа: ***Првата Пробиштипска парохија*** е сместена во просториите на црквата „Успение на Пресвета Богородица“ во Пробиштип. Кон оваа парохија гравитира и црквата „Св. Петка“ во село Плешенци.

Кон ***Втората Пробиштипска парохија*** се спомнуваат следниве храмови: црквата „Св. Петка“ во село Долни Стубол, која е седиште на парохијата, потоа манастирот „Св. Троица“ во истото село и црквата „Св. Параскева“ во село Горно Барбарево. Во оваа парохија припаѓаат и селата: Стрмош, Горни Стубол, Стрисовци и Долно Барбарево, кои немаат свои храмови.

***Третата Пробиштипска парохија*** ја сочинуваат црквите: „Св. Илија“ во село Добрево, „Св. Илија“ во село Марчино, „Св. Никола“ во село Гајранци, „Св. Троица“ во село Трооло, црквата „Св. Никола“ во село Лезово и црквата „Св. Јован Крстител“ во село Кундино. Во парохијата на источната страна на селото Гајранци се наоѓаат остатоци од стар црковен објект. По својата основа тоа е трикорабна базилика. Археолошките истражувања покажале дека се работи за стар храм од рано христијанскиот период[141]. Во парохијата се опфатени и селата: Неокази, Бучиште, Петршинци и Пишица кои сеуште немаат храмови.

Седиштето на ***Четвртата Пробиштипска парохија*** се наоѓа во црквата „Св. Пророк Илија“ во село Пуздерци. Во оваа парохија спаѓаат и селата: Куково и Зарапунци, кои немаат храмови.

***Злетовската парохија*** е сместена во храмот „Св. Богородица“ во урбаната населба Злетово. Оваа населба се наоѓа во месноста каде што извира Злетовска Река од клисурата и тече низ Злетовско Поле. Во средновековието овде или поточно во Лесновскиот манастир се наоѓало

[141] Алексова Блага, (1989), *Епископијата на Брегалница,* Прилеп, 138.

седиштето на Злетовската епископија. Други позначајни храмови во парохијата се: параклисот „Св. Илија“ во Злетово, црквата „Св. Јован Крстител“ во село Древено, црквата „Св. Никола“ во село Шталковица и црквата „Св. Илија“ во село Бунеш.

Секако дека бисер над сите храмови во парохијата е манастирот „Св. Архангел Михаил“ во село Лесново. Тој е посветен на „Св. Архангел Михаил“ и „Св. Гаврил Лесновски“ и потекнува од XI или XII век кога Свети Гаврил Лесновски се населил во во Лесновската Гора во близина на манастирската црква „Св. Архангел Михаил“ во Лесновскиот манастир[142]. Според Станислав Граматик Лесновскиот манастир посветен на св. Архангел Михаил бил основан во 1330 година. Веќе во 1341 година манастирот бил возобновен од деспотот Јован Оливер врз темелите на постар манастир. Се до 1347 година манастирот имал степен на игуменија, кога од таа година се издигнал на степен на епископија, како седиште на злетовската епископија. Злетовската парохија ги опфаќа и селата: Рудари, Ратавица и Трипатанци.

Во градот Свети Николе се наоѓаат неколку парохии и тоа:

***Прва Светиниколска парохија*** со седишта во црквата „Св. Никола“ во градот Свети Николе. Старешина на парохијата е протојерејот Јордан Тасев. Други храмови во парохијата се црквата „Св. Стефан“ во Свети Николе, црквата „Св. Никола“ во село Ѓуѓанци, истоимената црква во село Кнежје, црквата „Св. Спас“ во село Гузумелци, манастирот „Св. Недела“ и црквата „Св. Ѓорѓи“ во селото Ранченци, црквата „Св. Спас“ во село Строиманци, црквата „Св. Атанасиј“ во село Патетино и црквата „Св. Богородица“ во село Неманица.

Старешина на ***Втората Светиниколска парохија*** е свештеникот Зоран Мицев. Тука позначајни храмови се: црквата „Св. Спас“ во село Горобинци, црквата „Св. Никола“ во село Сопот, црквата „Св. Димитриј“ во село Преод, параклисот „Св. Спас“ во село Крушица, параклисот „Св. Никола“ во село Малино, манастирот „Св. Богородица“ во село Ѓуриште,

---

[142] Манастирот бил изграден во 1340 година врз темели на стара црковна градба од XI и XII век. Види поопширно: *Лесновски манастир св. Архангел Михаил и св. Гаврил Лесновски,* Музеј на Македонија, Скопје, 108.

западно од Свети Николе[143], црквата „Св. Спас“ во село Мустафино, црквата „Св. Јован Крстител“ во село Кадрифаково, црквата „Св. Никола“ во село Стањевци, црквата „Св. Никола“ во село Борилово[144], црквата „Св. Димитриј“ во село Стануловци, црквата „Св. Ѓорѓи“ во село Амзабегово, параклисот „Св. Богородица“ во село Сарамзалино, параклисот „Св. Ѓорѓи“ во село Орел, параклисот „Св. Петка“ и црквата „Св. Никола“ во село Мечкувци, црквата „Св. Јован Богослов“ во село Богословец и црквата „Св. Богородица“ во село Ерџелија. Во оваа парохија спаѓаат и селата: Коселери, Аџиматово и Црнилиште кои немаат храмови.

### 9.2. Радовишкото архиерејско намесништво

Во црковната историја на македонскиот народ Радовишкото архиерејско намесништво најчесто се наоѓало под јурисдикција на Струмичката епархија. До Балканските војни (1912-1913) и делбите на Македонија (1913), Радовишкото архиерејско намесништво се наоѓало во составот на Струмичката епархија. Така во крајот на XIX век и почетокот на XX век Струмичката епархија ја управувал патријаршискиот митрополит Јеротеј, а од 1897 година и егзархискиот владика Герасим, што значи во Епархијата владеело туѓо црковно двовластие. По Првата светска војна, кога Злетовско-струмичката епархија се нашла во составот на Српската православна црква егзистирало Радовишкото архиерејско намесништво. Таквата состојба се задржала до 1941 година. По возобновувањето на Светиклиментовата охридска архиепископија во лицето на Македонската православна црква, за време на митрополитот Злетовско-струмички г. Наум, Радовиш и неговите околни села се наоѓаат под власта на Штипското

[143] Почетоците на овој манастир се од времето на Марија Палеологова, втората жена на Стефан Урош III, кој по смртта на нејзиниот маж, се повлекла да живее во манастирот. Нејзиниот гроб и денес се наоѓа таму. (Види Алексова Блага, (1989), *Епископијата на Брегалница,* Прилеп, 140).
Во текот на Илинденското востание (4 август 1903 година) во близина на Ѓуришкиот манастир се одиграла жестока битка меѓу здружената чета на скопските војводи Борби Стојчев, Никола Пушкаров и штипскиот војвода Тодор Мирасчиев со броен аскер и башибозук. При пробивот на обрачот ноќта загинал војводата Тодор Мирасчиев.
[144] Над селото на левиот брег на Долна Река, источно од Свети Николе, се наоѓаат остатоци од постари надгробни споменици од некогашната црква „Св. Никола“. Истражувачите на оваа црква заклучиле дека таа потекнува од XV век. Иако станува збор доста стара црква, во неа не се богослужи, бидејќи се наоѓа во состојба на распаѓање.

архиерејско намесништво. Во тоа време егзистираат две радовишки градски парохии и неколку селски (Иневско-воиславска, Конечка и Подарешка парохија).

Во 1989 година од Злетовско-струмичката парохија се основаат одделно две епархии: Брегалничка на чело со митрополитот г. Стефан и Струмичката на чело со митрополитот г. Горазд. Со новата црковно-територијална промена Радовиш со околните села влегуваат во составот на Струмичката епархија. Со одлука на САС на МПЦ таа година било основано Радовишкото архиерејско намесништво при црквата „Св. Пророк Илија“ во Радовиш. За прв архиерејски намесник бил избран куклишанецот протоереј-ставрофор Коста Донев.

Во 1991 година доаѓа до нова трансформација, па Радовишкото архиерејско намесништво сега се нашло во составот на Брегалничката епархија. Тогаш постоеле три градски (радовишки) и три селски парохии. Од моментот кога на чело на Брегалничката епархија застанал митрополитот Агатангел, Радовишкото архиерејско намесништво било поделено на 4 градски (радовишки) и 3 селски парохии. Во 2001 година поради тоа што архиерејскиот намесник Коста Донев отишол во пензија, нов намесник станал прота Гоце Младеновски.

Откако во 2006 година архимандритот Иларион бил хиротонисан за Брегалнички митрополит, на чело на Радовишкото архиерејско намесништво дошол свештеникот Иван Стојменов. Оттогаш до денес во Радовишкото архиерејско намесништво постојат следниве парохии:

***Првата Радовишка парохија*** се наоѓа на десната страна по течението на Радовишката Река и еден мал дел од левата страна до почетокот на населбата Куклевица. Во оваа парохија се наоѓа величествениот храм „Св. Троица“, изграден со донаторство на радовишкиот и воопшто македонскиот бизнисмен Ристо Гуштеров. Храмот почнал да се гради на 29 април 1997 година (трет ден на Велигден), бил завршен и осветен на 12 октомври 2003 година. Осветувањето било извршено од страна на епархискиот митрополит г. Агатангел во присуство на владиците на МПЦ. Величествените икони и иконостасот во црквата ги има насликано г. Калчев од Гевгелија, а фрескоживописот е дело на светски познати мајстори од т. н. украинска школа. Старешина на оваа парохија е Стојан Јановски.



Црква „Света Троица“, Радовиш

Holy Trinity church, Radovis

***Втората Радовишка парохија*** се простирала на левата страна по течението на реката. Во оваа парохија влегува и храмот „Св. Пророк Илија“, седиште на Радовишкото архиерејско намесништво. Тој е изграден во 1859 година. Има стар иконостас, делумно изрезбан. Црквата е вкопана повеќе од еден метар под нивото на земјата. До неа се наоѓаат градските гробишта. Старешина на оваа парохија е Гоце Младеновски.

***Третата Радовишка парохија*** ја сочинува источниот дел на градот, кој се наоѓа десно од булеварот „Александар Македонски“, вклучително до населбата Раклиш, која и самата влегува во составот на парохијата. Во составот на парохијата влегува и црквата „Св. Константин и Елена“ во село Раклиш. Оваа црква е градена во 1857 година. За жал храмот нема фрескоживопис. Иконите се даренија на одделни ктитори. Старешина на црквата и на парохијата е архиерејскиот намесник Иван Стојменов.

***Четвртата градска Радовишка парохија*** ја сочинува населбата Куклевица. Свештеник на оваа парохија е Марјан Јанковиќ, кој е старешина на спомнатиов храм во Раклиш. За свештеник во Радовиш е поставен во 2001 година.

Селата во Радовишко се поделени на 3 парохии и тоа: ***Петтата-Подарешка парохија*** ја сочинуваат селата: Подареш, Смиљанци, Јаргулица, Покрајчево и Злеово. Во оваа парохија се наоѓаат повеќе цркви и манастири. Најпознат е храмот „Св. Димитриј“, кој е изграден во XIX век и црквата „Св. Ѓорѓи“ во село Подареш, црквата „Св. Богородица“ во село

Злеово, црквата „Св. Ѓорѓи“ во село Калуѓерица, истоимената црква во село Покрајчево и други. Другите цркви и манастири се од поново време. Старешина на парохијата е свештеникот Зоран Стојанов со седиште во село Подареш.

Во ***Воиславско-ораовичката парохија*** влегуваат селата: Воиславци, Ораовица, Сурдулица, Калуѓерица, Погулево, Дамјан и Тополница. Во парохијата има повеќе цркви и манастири, изградени сите од поново време. Сепак, познати храмови се: црквата „Св. Никола“, црквата „Св. Ѓорѓи“, црквата „Св. Богородица“ и црквата „Св. Јован Крстител“ сите во село Воиславци; црквата „Св. Илија“ во село Сурдулица; црквата „Св. Атанасиј“ и црквата „Св. Ѓорѓи“ во село Ораовица; и црквата „Св. Богородица“ во село Дамјан. Парохиски свештеникот е Стојанче Илиев со седиште во Радовиш.

***Ињевско-конечката парохија*** (последна и седма по ред) ја сочинуваат ридските села Ињево и Дедино и главно Лакавичките села: Конче, Долни Липовик, Горни Липовик, Ракитец, Загорци, Лубница, Габревци, Скоруша и Гавран. Во парохијата егзистираат над десетина стари и нови храмови. Најстар, најпознат и со најголема црковно-уметничка и историска вредност е манастирот „Св. Стефан“ во село Конче. Тој е изграден во 1366 година од војводата никола, а веднаш до него Пиргот. Храмот е фрескоживописан, иако фреските се доста оштетени. Иконите на иконостасот се насликани од познатите зографи Димитар Андонов-Папрадишки и Константин Вангелов. Во соседното село Лубница се наоѓа црквата „Св. Константин и Елена“. Други храмови во парохијата се: црквите „Св. Никола“ и „Св. Атанасиј“ во село Дедино; црквата „Св. Богородица“ во село Ракитец, црквата „Св. Спас“ во село Габревци; црквата „Св. Спас“ е градена во крајот на XIX век, без фрески, црквата „Св. Никола“ е изградена во 1910 година, црквата „Св. Петка“ и црквата „Св. Димитриј“, сите во богатото село Ињево. Црквата во Загорци градена во XIX век е посветена на Пресвета Богородица. Доста стар е храмот во село Гарван. Црквата „Св. Ѓорѓи“ во село Горни Липовик, го празнува Ѓурѓовден на 6 мај секоја година.

На левата страна од течението на Крива Лакавица во село Долни Липовик пред 50-тина години започна со изградба на параклисот „Св. Ѓорѓи“. Храмот го одбележува црковниот празник што се одржува секоја година после првата седмица по Мала Богородица. Сепак, постара е

црквата „Св. Богородица“, при која секоја година мештаните и иселениците од селото најсвечено го одбележуваат празникот Голема Богородица на 28 и 29 август. Храмовите во другите лакавички села се градени во текот на XX век. Парохиски свештеник е Златко Пуреовски со седиште во Радовиш[145].

### 9.3. Кочанското архиерејско намесништво

Ова архиерејско намесништво ги опфаќа градовите: Кочани и Виница со околните села. Архиерејски намесник на ова Намесништво е прота Атанас Пармачки.

Во градот Кочани се наоѓаат седум градски, а по селата девет селски парохии. Најпознати храмови во парохиите се: црквата „Св. Ѓорѓи“ во Кочани, која е седиште на архиерејскиот намесник и на парохиите, манастирите „Св. Симеон Столпник“, „Св. Василиј Велики“, „Св. Пантелејмон“ и други храмови.

Во градот Виница гравитираат четири парохии сместени во црквата „Св. Архангел Михаил“ во Виница.

Најпознати храмови во ***Блатечката парохија*** се храмовите: црквата „Св. Илија“, манастирите „Св. Спас“ и „Св. Ѓорѓи“, сите во село Блатец. Во оваа парохија гравитираат и селата Липец и Пеклани.

Седиштето на ***Јакимовската парохија*** се наоѓа во црквата „Св. Јоаким Осоговски“ во село Јакимово. Кон парохијата гравитираат селата: Кршла, Уги Камен, Трсино и Градец.

***Истибањската парохија*** со седиште во црквата „Св. Петка“ во село Истибања се простира и во соседното село Прибачево.

***Оризарската парохија*** се простира во селото Оризари со парохиската црква „Св. Атанасиј“ и манастирот „Св. Богородица“, како и во соседното село Пресека.

***Зрновската парохија*** со седиште во црквата „Св. Димитриј“ во истоименото село, се однесува на зрновските манастири „Св. Петка“ и „Св.

[145] Трајановски Александар, (2008), *Возобнување на Охридската Архиепископија како Македонска Православна Црква и нејзиниот шематизам,* Скопје, 356.

Симеон“. Кон оваа парохија гравитира и селото Мородвиз, седиштето на некогашната Морозвиска епископија[146].

Седиштето на ***Грдовската парохија*** се наоѓа во црквата „Св. Троица“ во село Грдовци. Кон оваа парохија гравитираат селата: Полог и Мојанци.

***Облешевската парохија*** се простира во големото село Облешево. Таа е сместена во месната црква „Св. Недела“. Оваа парохија ги опфаќа и селата: Тркање, Теранци и Чифлик.

***Соколарската парохија*** е црковна институција која се простира во селото Соколарци во парохиската црква „Св. Константин и Елена“ и манастирот „Св. Пантелејмон“ во село Пантелеј. Кон парохијата гравитираат селата: Бање, Нивичани и Рајчани.

### 9.4. Делчевското архиерејско намесништво

Ова архиерејско намесништво ги опфаќа градовите Делчево и Македонска Каменица, заедно со селата во Пијанец. На чело на Делчевското архиерејско намесништво се наоѓа протојерејот Атанас Поповски. Намесништвото е поделено на неколку парохии.

***Првата Делчевска парохија*** е сместена во црквата „Св. Богородица“ во Делчево.

Во ***втората Делчевска парохија*** најзначајни храмови се манастирите: „Источен петок-Балаклија“ и „Св. Кирил и Методиј“ во Делчево.

Седиште на ***Звегорската парохија*** е црквата „Св. Јован Крстител“ во село Звегор. Други позначајни храмови во парохијата се: црквата „Св. Димитриј“ во село Габрово, манастирот „Св. Петка“ во село селник, црквата „Св. Архангел Михаил“ во село Драмче, црквата „Св. Ѓорѓи“ во село Град[147] и други.

[146] Алексова Блага, (1989), *Епископијата на Брегалница,* Прилеп, 148.

[147] Актот за изградбата на црквата потекнува од 13/22 јуни 1856 година. Станковиќ Јошко, (1975), *Ферман за изградба и доградба на црквата св. Ѓорѓија во с. Град, Делчевско,* Гласник на ИНИ, XIX/1, Скопје, 197-200.

## 10. НОВОИЗГРАДЕНИ И ОСВЕТЕНИ ХРАМОВИ

Во поново време беа изградени повеќе цркви, манастири, конаци и други светилишта во Брегалничката епархија. Ќе регистрираме дел од нив.

На 29. VIII. 2007 година беше осветена црквата „Успение на Пресвета Богородица“ во село Сарамзалино.

На 15. X. 2007 година беше осветен новиот параклис *Покровот на Пресвета Богородица* при манастирот „Св. Спиридон Чудотворец“, метох на Лесновскиот манастир. Потоа на 21. VII. 2007 година беше осветен возобновениот манастирски комплекс „Св. Спиридон Чудотворец“ во местото наречено Пирог близу Злетово[148] со новиот конак и камбанарија[149]. Во манастирот во фаза е основање на женско сестринство.

На 4. XI. 2007 година, на денот свети Аверкиј епископ Ераполски, беше осветена црквата „Св. Кирил и Методиј“ во село Мојанци, Кочанско од страна на епархискиот владика Неговото Високопреосвештенство митрополитот Брегалнички г. Иларион во сослужение со јерејството на Кочанското архиерејско намесништво.

Во Свети Николе на 2. V. 2008 година епархискиот архиереј г. Иларион ја преосвети реновираната гробјанска црква посветена на *архиѓаконот и првомаченик Стефан.*

На 18. V. 2008 година е осветен новоизградениот храм „Св. Наум Охридски“ во село Чифлик, Кочанско.

---

[148] Манастирот бил изграден во XIV век. Откако се запустил во него стотина години не се богослужело. Возобновениот манастир е метох на Лесновскиот манастир.

[149] Ристов Саше, ѓакон, (2007), *Осветен возобновениот манастир на свети Спиридон Чудотворец,* В. МПЦ, XLXIX/4, Скопје, 161-162.

## 11. ЗАКЛУЧОК

Во овој труд е разработена на кратко историјата и функционирањето на една од најголемите а воедно и најстарата епархија на територијата на Република Македонија, па и на Балканскиот Полуостров, а тоа е Брегалничката епархија со седиште во градот Штип.

Начинот и текот на развивање на оваа епархија не бил многу лесен, а тоа се гледа и од горенаведената содржина. Но, сепак за тоа имало јака желба и волја меѓу луѓето од тоа време преку кои со своите усилни и јаки молитви сме го добиле она што е денес, односно денешниот статус на Брегалничката епархија, која пребива како жив и незаменлив орган од Македонската Православна Црква.

Ранохристијанската добро организирана црква преку своите епископски центри во поголемите градови во кои биле изградени репрезентативни базилики и бројни храмови во нивните диецези придонеле за брзото ширење на христијанството во Македоноја и на целиот Балкански Полуостров.

Археолошките откривања укажуваат дека самостојната црковна организација на архиепископијата *Prima Justiniana* придонела христијанството да се зацврсти по Брегалница и во цела Македонија. Тоа се потврдува со обновата и изградбата на цркви од базиликален тип со баптистериуми.

Денешната автокефална православна Македонска црква претставува само континуитет на правата и е правен наследник на некогашната Епископија на Брегалница и на автокефалната Охридска архиепископија, што биле основани на дел од територијата на некогашната архиепископија *Prima Justiniana,* во областите северно од големиот центар Солун.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Ангелов Б., (1984), За два преписа на *„Солунската Легенда“,* Кирило Методиевски студии I, БАН, София;

2. Алексова Блага, (1967), *Баргала-Брегалница во светлината на новите археолошки истражувања,* Гласник на Институтот за национална историја, Скопје;

3. Алексова Блага, (1983), *Баргала и средниот тек на Брегалница,* Гласник ИНИ;

4. Алексова Блага-Mango C., (1971), *Bargala:* A preliminary report, DO Papers 25, Washington, D. C;

5. Алексова Блага, (1989), *Епископијата на Брегалница,* Прилеп;

6. Алексова Блага, (1983), *Крупиште, Штипско, Археолошки истражувања,* Зборник АМ 10-11;

7. Алексова Блага, (1995), *Култ на мартирите во Македонија од IV до IX век,* Скопје;

8. Алексова Блага, (1984), *Крстовидната црква од Free Мородвиз,* Историја 2;

9. Алексова Блага, (1983), *Крупиште, Штипско, Археолошки истражувања,* Зборник АМ 10-11;

10. Велев Илија, (2001), *Записи и натписи од Лесновскиот книжевен центар,* Скопје;

11. Венедиков Ј., (1943), *Земите по средина Вардар,* принос км античката географиа на Македонија, Скопје;

**12.** Габелић Смиљка, (1988), *Манастир Лесново-историја и сликарство,* Београд;

**13.** Gelzer H., (1893), *Ungedruckte und weinig bekannte Bistumerferzeichnisse,* BZ 2, коментар на стр. 51;

**14.** Голубинский Е., (1871), *Краткїй очеркъ исторїи православных церквей болгарской, сербской, румынской, или молдовлашской,* Москва;

**15.** Гранић Б., (1924), *Оснивање архиепископије у граду Јустиниана Прима,* Гласник СНД;

**16.** Грашева, ЕКМ, *Брегалнишка мисија;*

**17.** Грујић Р., (1955), *Археолошке и историске белешке из Македоније,* Старинар н. с. III-IV;

**18.** Д-р. Белчовски Јован, (1997), *Охридската архиепископија од основањето до паѓањето на Македонија под турска власт,* ПБФ „Св. Климент Охридски“, Скопје;

**19.** Димевски Славко, (1989), *Историја на македонската православна црква,* Скопје;

**20.** Duval et Popović, Urbanisme et topographie chrétienne;

**21.** Иванов Ј., (1970), *Български старини из Македония,* София;

**22.** Иванов И., (1905), *Епископиите Брегалнишка, и Велбуждска през средните векове,* Годишник на Соф. Универзитет;

**23.** Јанковић Марија, (1985), *Епископије и митрополије српске цркве у средњем веку,* Београд;

**24.** Јовановиќ М., (1961), *Две средновековни тврдини во Источна Македонија,* Зборник II, Штип;

**25.** Кацаров Г., (1921), *Пеония,* София;

**26.** Коста Балабанов, Антонио Николовски и Димитар Ќорнаков, (1980), *Споменици на културата на Македонија,* Скопје;

**27.** Куник А., (1864), *О материалах дла истоии Болг. Церкви,* Записки Импер. Акад, Наук, т. V, кн. 2, Ст. Петербург;

**28.** Лепорески П., (1901), *Историа Тесалоникскаго Екзархата,* С. Петербург;

**29.** *Лесновски манастир св. Архангел Михаил и св. Гаврил Лесновски,* Музеј на Македонија, Скопје;

**30.** Leclerq, (1926), DACL, *Illyricum,* t. VII, col 89-190; Љубинковиќ Р., (1966), *Традиција Приме Јустинијане у титулари Охридских архиепископа,* Старинар 17;

**31.** Љубинковиќ Р., (1966), *Традиција Приме Јустинијане у титулари Охридских архиепископа,* Старинар 17;

**32.** Mango C., (1959), *The Brazen House,* Copenhagen;

**33.** Микулиќ И., (1987), *Градот Цреше,* Зборник ФФК, 14 (40);

**34.** Микулчиќ И., (1977), *Две ранохришќанске цркве код Македонске Каменице,* Старинар 27;

**35.** Милев А., (1966), *Грчките жития на Климент Охридски,* София;

**36.** Михаил архиепископ Охридски и Македонски, (1996), *Нашето свето православие,* Скопје;

**37.** Новаковић Стојан, (1870), *Законик Стефана Душана-цара српског 1349-1354,* Београд;

**38.** Окуњев Н.Л., (1925), *Крстовидне цркве у Јужној Србији,* Народна Старина IV, Загреб;

**39.** Панов Б., (1963), *Карактерот на дејноста на браќата Кирил и Методија во Македонија,* Просв. Дело, 19;

**40.** Панов Б., *Штип и Брегалничката област;*

**41.** Папазоглу Ф. ,(1957), *Македонски градови у римско доба,* Скопје, бел 64. Сарајево;

**42.** Папазоглу Ф., (1966), *Среднобалканске племена у предримско доба,* Сарајево;

**43.** Поповић Јустин, (1912), *Опћа црквена историја I,* Сремски Карловци;

**44.** Радојчић Н., (1940), *Српски државни сабори, у средњем веку,* СКА, књ. 54, Београд;

**45.** Расолкоска-Николовска З., (1970), *Црквата Св. Ѓорѓи во Г. Козјак,* Симпозиум 1100 години од смртта на К. Солунски I,, МАНУ;

**46.** Ристов Саше, ѓакон, (2007), *Осветен возобновениот манастир на свети Спиридон Чудотворец,* В. МПЦ, XLXIX/4, Скопје;

**47.** Sieben J., (1979), *Die Konzilsidee der Alten Kirche, Konzilien Geschichte,* Wien-Zürich;

**48.** Снегаров Иван, (1924), *История на Охридската архиепископия,* първи том, София;

**49.** Снегаров И., (1956), *Християнството в Българиа преди покрстването на княз Бориса,* 865, Годишник на Дух. Акад. 5, София, бел. 5;

**50.** Соколоски М., (1974), *Штип и штипско во текот ва XVI век*, Историја X, 2.

**51.** Suić M., (1976), *Antički grad na istočnom Jadranu,* Zagreb.

**52.** Schwartz E., *Acta Conciliorum Oecomenicorum,* II, I, 1, p.;

**53.** Schwartz E., *Acta Conciliorum Oecomenicorum,* II, I, 2, p.;

**54.** Теодоров-Балан Ал., (1934), *Кирил и Методий 2,* София;

**55.** Теофилакт, (1931), *Мъченичеството на светите славни 15 свештеномаченици пострадали во Тивериопол,* Сборник БАН, XXVII, София;

**56.** Томоски Томо, (1976/78), *Морозвиждска епископија,* Културно наследство, VII, Скопје;

**57.** Трајановски Александар, (2008), *Возобнување на Охридската Архиепископија како Македонска Православна Црква и нејзиниот шематизам,* Скопје;

**58.** Трајановски Александар, (1988), *Црковно-училишните општини во Македонија,* ИНИ-Скопје;

**59.** Трајковски К., (1983), *Истражувања во Мородвиз,* Зборник АМ, X-XI;

**60.** Theodorit, *Historia Ecclesiastica,* I, V, 23, 8-12, ed. L. Parmentier, 323;

**61.** Хомер, *Илијада;*

**62.** Hoddinott R. F., (1975), *Bulgaria in Antiquity,* New York;

**63.** Honigmann Ed. E., *Le Sinekdemos du Hiéroklès* 642*;*

**64.** http. www.Wikipedia.org.mk;

**65.** Цвијиќ Јован, *Основе,* и

**66.** Центральный государственый архив древних актав-Москва (ЦГАДА.М), ф. 52. оп. 1, д. 20, лл.